Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:14.10.2024 15:28:58
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 210** **14 октомври 2024, понеделник** **година LXXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3624. | **Уредба** за гаранции за потекло (*).... | 3 |
| 3625. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности.......................................... | 5 |
| 3626. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за статистика.... | 5 |
| 3627. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи................................................ | 6 |
| 3628. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за економија и труд.................................................... | 6 |
| 3629. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство....... | 6 |
| 3630. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство............ | 7 |
| 3631. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за култура и туризам................................................. | 7 |
| 3632. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Оперативно-техничката агенција... | 8 |
| 3633. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за европски прашања.................................................. | 8 |
| 3634. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи................... | 8 |
| 3635. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.................................................... | 9 |
| 3636. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии - Царинска управа.............................. | 9 |
| 3637. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово................. | 10 |
| 3638. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ Скопје....................................... | 10 |

Стр.


3639. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“- Скопје................................. **10**

3640. **Одлука** за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2023 година....................... **11**

3641. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за употреба на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2023 година..................................................... **11**

3642. **Одлука** за давање одобрение за основање на Интернационално приватно средно училиште „Вингс“ - Скопје................................................. **11**

3643. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ.................................. **12**

3644. **Одлука** за давање согласност на Тарифникот за изменување на Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во Катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во Катастарот на недвижности и Катастарот на инфраструктурни објекти како дел од Катастарот на недвижности........................... **12**

3645. **Одлука** за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Вртешка“ с.Пиперово, Општина Штип............. **13**

3646. **Одлука** за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Ѓопчели“, Општина Дојран.................................... **13**

3647. **Одлука** за еднострaн раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Лира“ во атарот на с. Негорци, Општина Гевгелија.... **13**

3648. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за измена и дополна на Проект за инфраструктура за патен коридор 8 - автопат Деве Баир - Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+0.000 - км 10+424.89, КО Кичево вон град, Општина Кичево, за изградба на одлагалишта за одлагање на вишок ископ на земјан материјал, Одлагалиште 1 на стационажа 2+200........... **13**

3649. **Одлука** за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит од Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје и Уни банка АД Скопје.......................................... **14**

3650. **Програма** за изменување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за Проектот Коридор 8 и Коридор 10Д за 2024 година........ **14**

3651. **Програма** за изменување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година.................................................... **15**

3652. **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 21/2024 од 25 септември 2024 година...................................................... **16**

3653. **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 32/2024 од 25 септември 2024 година...................................................... **17**

3654. **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 43/2024 од 25 септември 2024 година...................................................... **18**

3655. **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 45/2022 од 18 септември 2024 година.................................................... **20**

3656. **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 47/2024 од 18 септември 2024 година...................................................... **22**

3657. **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 75/2024 од 18 септември 2024 година...................................................... **24**

3658. **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 90/2024 од 9 октомври 2024 година..... **25**

3659. **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт........ **33**

**Огласен дел**...................................... **1-124**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3624.**

Врз основа на член 182 став (7) од Законот за енергетика(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ГАРАНЦИИ ЗА ПОТЕКЛО (*)

### Предмет на уредување

Член 1

Со оваа уредба поблиску се уредуваат начинот на издавање, пренесување, укинувањето и поништување на гаранциите за потекло, формата и содржината на гаранциите за потекло, начинот, постапката и условите за признавање на гаранциите за потекло издадени во други држави и содржината, формата и начинот на водење на Регистарот на гаранции за потекло.

### Дефиниции

Член 2

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следното значење:

1. **„Гаранција за потекло“** е електронски документ чија цел е обезбедување на доказ за потрошувачите дека определен удел или определена количина од енергијата е произведена од обновливи извори на енергија,

2. **„Тело – издавач на гаранции за потекло“** е операторот на пазарот на електрична енергија кој на територијата на Република Северна Македонија врши администрирање на гаранциите за потекло што вклучува нивно издавање, евидентирање на преносот, признавање и укинување или поништување, како и водење на Регистар за гаранции за потекло и

3. **„Тело – издавач на гаранции за потекло на друга држава“** е орган надлежен за водење на регистар за гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија во соодветната држава членка на Европската асоцијација на тела за издавање на гаранции за потекло (АИБ) и/или договорна страна со која е потпишан билатерален договор за взаемно признавање на гаранции на потекло.

### Издавање на гаранции за потекло

Член 3

(1) За издавање на гаранции за потекло се поднесува барање од страна на производителот на електрична енергија од обновливи извори на енергија, за електроцентралата која е лоцирана на територија на Република Северна Македонија и нема статус на повластен производител кој користи повластена тарифа или премија.

(2) Барањето од став (1) на овој член, се поднесува во електронска форма до Телото - издавач на гаранции за потекло.

(3) Кон барањето од став (1) на овој член, барателот доставува доказ дека е уплатен надоместокот за издавање на гаранции за потекло, во согласност со тарифникот на Телото - издавач на гаранции за потекло.

(4) По поднесеното барање и уплатениот надоместок од ставовите (2) и (3) на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло ги обезбедува од операторот на електропреносниот систем или операторот на електродистрибутивниот систем податоците за вкупно произведената електрична енергија во kWh која барателот ја предал во мрежата, за периодот за кој се бараат гаранции.

(5) Доколку, Телото - издавач на гаранции за потекло утврди дека се исполнети условите за издавање на гаранции за потекло, во рок од 10 дена од денот на поднесувањето на барањето, му ја издава гаранцијата за потекло на барателот и истата ја евидентира во Регистарот на гаранции за потекло.

(6) Ако врз основа на поднесеното барање за издавање на гаранции за потеклои обезбедената документација и податоци од овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло утврди дека има потреба од дополнителни податоци или појаснувања на податоците, за тоа го известува барателот во рок од 10 дена од денот на приемот на барањето, при што во известувањето ги наведува дополнителните податоци и документи, односно појаснувањата коишто барателот треба да ги достави до Телото - издавач на гаранции за потекло.

(7) Телото - издавач на гаранции за потеклово рок од 10 дена од приемот на дополнителните податоци и документи, односно појаснувањатадонесува решение за одбивање на барањето во кое се наведува причината за одбивањето или ја издава гаранцијата за потекло согласно ставот (5) на овој член.

### Содржина на гаранциите за потекло

Член 4

(1) Секоја издадена гаранција за потекло е со стандардна големина од 1 MWh електрична енергија од обновливи извори која е произведена за кумулативен период од најмногу шест месеци сметано од денот кога започнало производството на енергија за кое се бара гаранција за потекло и се издава во електронска форма. Со денот на издавањето, барателот станува носител на гаранцијата за потекло.

(2) Гаранцијата за потекло особено ги содржи следните податоци:

1. Датум на издавање,
2. Назив на Телото - издавач на гаранции за потеклокое ја издало и држава во која е издадена,
3. Назив, седиште и единствен матичен број на субјектот за носителот на гаранцијата за потекло,
4. Локација, инсталирана моќност и вид на технологија на електроцентралата, како и датум кога е пуштена во употреба,
5. Регистарски код на електроцентралата во која е произведена електричната енергија за која се издава гаранцијата за потекло,
6. Датум до кој важи гаранцијата за потекло, кој не може да биде подолг од 12 месеци сметајќи од денот на кој е произведена последната количина од електричната енергија за која се однесува гаранцијата за потекло и
7. Единствен реден број на гаранцијата за потекло.

### Пренос на гаранции за потекло

Член 5

(1) Гаранцијата за потекло може да се пренесе во текот на нејзината важност од носителот на гаранцијата на друго лице, трговец и/или снабдувач со електрична енергија (во натамошниот текст: корисник на Регистарот на гаранции за потекло) при што периодот на важност на гаранцијата за потекло не се менува, а по извршениот пренос корисникот на Регистарот на гаранции за потекло, станува носител на гаранцијата.

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Директивата 2009/28/ЕЗ од 23 април 2009 за промоција на користењето на енергија од обновливи извори.

(2) Преносот на гаранциите за потекло се врши по поднесено барање за пренос од страна на корисникот на Регистарот на гаранции за потекло до Телото - издавач на гаранции за потекло за пренос, во електронска форма, кое содржии изјава од носителот на гаранцијата за потекло од ставот (1) на овој член, дека се согласува да се изврши преносот.

(3) Телото - издавач на гаранции за потекло нема да издаде изменета гаранција за потекло согласно овој члени нема да ја евидентира промената на носителот во Регистарот на гаранции за потекло, ако при обезбедувањето на податоци и документација добие:

-известување во електронска форма од Тело – издавач на гаранции за потекло на друга држава дека е започната постапка за признавање на истата гаранција во таа држава или

- податоци дека носителот на гаранцијата за потекло е потрошувач на електрична енергија или

-податоци дека носителот на гаранцијата за потекло е корисник на Регистарот на гаранции за потекло кој продава електрична енергија на потрошувачи и предметната гаранција претставува доказ за учеството на електричната енергија од обновливи извори во енергијата што ја продава.

(4) Доколку врз основа на поднесеното барање за пренос на гаранција за потекло и обезбедената документација и податоци од ставовите (2) и (3) на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло утврди дека се исполнети условите за пренос на гаранцијата за потекло, во рок од 10 дена од денот на поднесувањето на барањето, издава гаранција за потекло во која се наведува новиот носител и ја евидентира промената на носителот во Регистарот на гаранции за потекло.

(5) Ако врз основа на поднесеното барање за пренос на гаранцијата за потекло и обезбедената документација и податоци од овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло утврди дека има потреба од дополнителни податоци или појаснување на податоците, за тоа го известува барателот во рок од 10 дена од денот на приемот на барањето, при што во известувањето ги наведува дополнителните податоци и документи, односно појаснувањата коишто барателот треба да ги достави до Телото - издавач на гаранции за потекло.

(6) Телото - издавач на гаранции за потекло во рок од 10 дена од приемот на дополнителните податоци и документи, односно појаснувањатадонесува решение за одбивање на барањето во кое се наведува причината за одбивање или ја пренесува гаранцијата на потекло.

**Укинување и поништување на гаранции за потекло**

Член 6

(1) Гаранцијата за потекло се укинува од страна на Телото - издавач на гаранции за потекло со решение и истото се евидентира во Регистарот на гаранции за потекло доколку:

1. Гаранцијата за потекло е искористена (активирана) од носителот кој е нејзин краен корисник или

2. Истекол периодот на важност на самата гаранција за потекло.

(2) Гаранцијата за потекло се поништува од страна на Телото - издавач на гаранции за потекло со решение и истото се евидентира во Регистарот на гаранции за потекло доколку:

1. Е добиено известување од Тело – издавач на гаранции за потекло на друга државадека гаранцијата за потекло е запишана во соодветен регистар на гаранции на другата држава или

2. Издадената гаранција за потекло била издадена врз основа на погрешни податоци наведени во барањето или погрешни податоци за измерената количина на електрична енергија за која се однесувала гаранцијата за потекло или

3. Носителот на гаранцијата за потекло доставил барање за поништување на гаранцијата за потекло.

(3) Во случаите на поништување на гаранција на потекло од став (2) точка 1 на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло ги известува Телото – издавач на гаранции за потекло на другата држававо чиј регистар на гаранции е запишана предметната гаранција за потекло и носителот на гаранцијата, пред поништувањето на истата.

**Признавање на гаранции за потекло издадени во други држави**

Член 7

(1) Гаранцијата за потекло се признава и запишува во Регистарот на гаранции за потекло доколку е издадена од Тело – издавач на гаранции за потекло на друга држава која е членка на Европската асоцијација на тела за издавање на гаранции за потекло (АИБ) и/или договорна страна со која Република Северна Македонија има потпишан билатерален договор за взаемно признавање на гаранции на потекло, со примена на начелото на реципроцитет.

(2) Гаранцијата за потекло од ставот (1) се признава по поднесено барање за упис во Регистарот на гаранции за потекло, од страна на носителот на гаранцијата за потекло кој бара признавање на гаранцијата за потекло издадена во друга држава до Телото – издавач на гаранции за потекло.

(3) Кон барањето од став (2) на овој член, носителот на гаранции за потекло доставува и доказ дека е уплатен надоместокот за признавање на гаранции за потекло, во согласност со тарифникот на Телото - издавач на гаранции за потекло.

(4) По поднесеното барање и уплатениот надоместок од ставовите (2) и (3) на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло по службена должност бара известување од Телото-издавач на гаранции за потеклона друга држава, кое ја издало предметната гаранција за потекло, дека не постојат никакви пречки за признавање на гаранцијата.

(5) По добивањето на известувањето од став (4) на овој член, доколку не постојат пречки за признавање, Телото - издавач на гаранции за потекло во рок од пет дена донесува решение за упис во Регистарот на гаранции за потекло кое го доставува до носителот на гаранцијата за потекло и за истото го известува Телото-издавач на гаранции за потекло на друга држава.

(6) Ако од известувањето од став (4) на овој член, се утврди дека постојат пречки за признавање на гаранцијата, Телото - издавач на гаранции за потекло во рок од пет дена донесува решение со кое го одбива признавањето на гаранцијата и во кое ги образложува причините поради кои е одбиено признавањето.

(7) Во случаите на одбивање на признавањето на гаранцијата за потекло согласно став (6) на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло ги известува и Секретаријатот на Енергетската заедница и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, а решението го објавува на својата веб-страница.

**Регистар на гаранции за потекло**

Член 8

(1) Во Регистарот на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори кој го води Телото - издавач на гаранции за потекло се евидентираат сите издадени, пренесени, признаени, укинати и поништени гаранции за потекло.

(2) Регистарот за гаранции за потекло се води во електронска форма.

(3) Регистарот за гаранции на потекло особено ги содржи следниве податоци:

1. Назив, седиште, единствен матичен број на субјектот и контакт информации на носителот на гаранцијата за потекло,

2. Назив, седиште, единствен матичен број на субјектот и контакт информации на носителот на лиценцата за производство на електрична енергија во чијашто електроцентрала е произведена електричната енергија,

3. Единствениот регистарски код на електроцентралата од Регистарот на електроцентраликои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија кој го води Министерството,

4. Локација, инсталирана моќност и вид на технологија на електроцентралата во која се произведува електричната енергија,

5. Почетниот и крајниот датум на периодот на производство на електрична енергија за кој се однесува гаранцијата за потекло,

6. Измерените количини предадена електрична енергија во мрежата според податоците добиени од операторот на електропреносниот систем или операторот електродистрибутивниот систем,

7. Единствен реден број на гаранцијата за потекло,

8. Податоци за извршениот пренос на гаранцијата, корисникот на регистарот на гаранции за потекло или производителот,

9. Податоци за признаените гаранции за потекло од други држави,

10. Податоци за гаранции за потекло кои се истечени и

11. Податоци за укинати или поништени гаранции за потекло.

**Преодни и завршни одредби**

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престануваат да важат одредбите од членовите 1, 2, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 22, 23, 24, 25 и 26 кои се однесуваат на гаранциите на потекло од Правилникот за обновливи извори на енергија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.112/19, 240/19 и 138/22).

Член 10

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8226/8
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3625.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македо-нија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македо-нија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware NSX-T Advanced per Processor | NSX-T-ADV-C | ВиЕмВер | 18 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware Site Recovery Manager 8 Enterprise (25 VM Pack) | VC-SRM8-25E-C | ВиЕмВер | 1 |
| 3. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 1 |
| 4. | Софтверска лиценца VMware vRealize Suite 2019 Enterprise (Per PLU) | VR19-ENT-C | ВиЕмВер | 1 |
| 5. | Софтверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 18 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/10
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3626.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware Site Recovery Manager 8 Enterprise (25 VM Pack) | VC-SRM8-25E-C | ВиЕмВер | 5 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 1 |
| 3. | Софтверска лиценца VMware vRealize Suite 2019 Enterprise (Per PLU) | VR19-ENT-C | ВиЕмВер | 4 |
| 4. | Софтверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 8 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Државниот завод за статистика.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со директорот на Државниот завод за статистика, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/11
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3627.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware NSX-T Enterprise Plus per Processor | NSX-T-EPL-C | ВиЕмВер | 18 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за внатрешни работи.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со министерот за внатрешни работи, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/12
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3628.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 1 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware vRealize Suite 2019 Enterprise (Per PLU) | VR19-ENT-C | ВиЕмВер | 1 |
| 3. | Софтверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 8 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за економија и труд.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со министерот за економија и труд, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/13
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3629.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 2 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 24 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за здравство.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со министерот за здравство, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/14
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3630.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 1 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware vRealize Suite 2019 Enterprise (Per PLU) | VR19-ENT-C | ВиЕмВер | 1 |
| 3. | Софтверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 10 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/15
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3631.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 1 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 2 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за култура и туризам.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со министерот за култура и туризам, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/16
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3632.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware NSX-T Advanced per Processor | NSX-T-ADV-C | ВиЕмВер | 12 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware Site Recovery Manager 8 Enterprise (25 VM Pack) | VC-SRM8-25E-C | ВиЕмВер | 2 |
| 3. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 2 |
| 4. | Софтверска лиценца VMware vRealize Suite 2019 Enterprise (Per PLU) | VR19-ENT-C | ВиЕмВер | 2 |
| 5. | Софтверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 24 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Оперативно-техничката агенција.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со директорот на Оперативно-техничка агенција, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/17
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3633.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари , и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 1 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 2 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за европски прашања.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со министерот за европски прашања, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/18
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3634.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ - УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 3 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 19 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со директорот на Управата за јавни приходи, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/19
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3635.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтверска лиценца VMware NSX-T Enterprise Plus per Processor | NSX-T-EPL-C | ВиЕмВер | 11 |
| 2. | Софтверска лиценца VMware Site Recovery Manager 8 Enterprise (25 VM Pack) | VC-SRM8-25E-C | ВиЕмВер | 2 |
| 3. | Софтверска лиценца VMware vRealize Suite 2019 Enterprise (Per PLU) | VR19-ENT-C | ВиЕмВер | 2 |
| 4. | Софтверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/20
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3636.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ - ЦАРИНСКА УПРАВА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Ред. бр. | Опис | Софтвер бр. (Software SKU) | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Софтфверска лиценца VMware Site Recovery Manager 8 Enterprise (25 VM Pack) | VC-SRM8-25E-C | ВиЕмВер | 2 |
| 2. | Софтфверска лиценца VMware vCenter Server 7 Standard for vSphere 7 (Per Instance) | VCS7-STD-C | ВиЕмВер | 3 |
| 3. | Софтфверска лиценца VMware vSphere 7 Enterprise Plus for 1 processor | VS7-EPL-C | ВиЕмВер | 8 |
| 4. | Софтфверска лиценца VMware vSphere 7 Standard for 1 processor | VS7-STD-C | ВиЕмВер | 8 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за финансии - Царинска управа.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со директорот на Царинска управа, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3210/21
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3637.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ТЕТОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство, му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

| Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| Лапараскопска и ендоскопска опрема | TC201EN | Карл Сторц | парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4673/5
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3638.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ПО ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство, му престанува користењето на движната ствар и тоа:

| Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| Артроскопски столб | LENS 4K CCU WIFI VERSION 72205059 | Смит и Нефју УК | парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-4685/5
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3639.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА „8-МИ СЕПТЕМВРИ“- СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство, му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

| Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| Артроскопски столб | LENS 4K CCU WIFI VERSION 72205059 | Смит и Нефју УК | парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“- Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“- Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4687/5 Претседател на Владата
8 октомври 2024 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3640.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ КИЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2023 година, бр.01-341/1 од 26.2.2024 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2023 година бр.01-340/1 од 26.2.2024 година, усвоени од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 28.2.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4722/5 Претседател на Владата
8 октомври 2024 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3641.**

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВА ОСТВАРЕНИ СО РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ КИЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2023 година бр. 02-643/1-2 од 20.5.2024 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 20.5.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4722/6 Претседател на Владата
8 октомври 2024 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3642.**

Врз основа на член 12 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНО ПРИВАТНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „ВИНГС“ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава одобрение за основање на Интернационално приватно средно училиште „Вингс“ – Скопје.

Член 2

Одобрението од член 1 од оваа одлука, се дава врз основа на барањето од основачот Друштво за издавачка дејност, графички дизајн, трговија, компјутерски и интелектуални услуги Вортекс ЕД ДОО увоз – извоз Скопје, со седиште на Бул. „Мит. Теодосиј Гологанов“ бр. 72/2-16 во Скопје, со ЕДБ MK4030003482651.

Член 3

Во Интернационалното приватно средно училиште од член 1 од оваа одлука, ќе се организира и остварува настава за средно гимназиско образование, во три подрачја:

- јазично - уметничко подрачје, комбинација А и Б,
- општествено - хуманистичко подрачје, комбинација А и Б и
- природно - математичко подрачје, комбинација А и Б,

согласно наставните планови и програми одобрени од Министерството за образование и наука, согласно Законот за средното образование.

Член 4

Потребниот наставен кадар кој ќе изведува настава во Интернационалното приватно средно училиште „Вингс“ – Скопје е согласно Нормативот за наставниот и друг кадар во средното образование. Наставата ќе ја изведуваат: 14 наставници во прва година на образование, 14 наставници во втора година на образование, 10 наставници во трета година на образование и осум наставници во четврта година на образование.

Член 5

Просторот и потребната опрема за опремување на Интернационалното приватно средно училиште „Вингс“ – Скопје се согласно стандардите и нормативите утврдени за дејноста средно образование.

Член 6

Интернационалното приватно средно училиште „Вингс“ - Скопје ќе биде сместено во објект, на ул. „Миле Поп – Јорданов“ бр. 44 во Скопје, со вкупна површина од 1583.70 м².

Член 7

Бројот на учениците кои ќе се запишат во прва година на образование во учебната 2024/2025 година ќе изнесува 10 ученици во една паралелка, додека за наредните учебни години за бројот на ученици и паралелки ќе одлучува основачот.

Член 8

Наставата во Интернационалното приватно средно училиште „Вингс“ - Скопје ќе се изведува на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото писмо.

Член 9

Програмата за воспитно - образовната дејност за гимназиско образование на Интернационалното приватно средно училиште „Вингс“ - Скопје е соодветна на програмата за гимназиско образование која се остварува во јавните средни училишта во Република Северна Македонија.

Член 10

Интернационалното приватно средно училиште „Вингс“ - Скопје ќе отпочне со работа во учебната 2024/2025 година, по добивањето на решение за верификација од Министерството за образование и наука.

Член 11

Средствата потребни за работа на Интернационалното приватно средно училиште „Вингс“ - Скопје ги обезбедува основачот.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-5370/6 Претседател на Владата
8 октомври 2024 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3643.**

Врз основа на член 37 став (2) и член 102 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 155/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И УВИД НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ГЕОДЕТСКО-КАТАСТАРСКИОТ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ, КАКО И ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА КАРТОГРАФСКИ ПРОИЗВОДИ И ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА КАРТОГРАФСКИОТ ПРОИЗВОД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ бр. 0101-12164/1 од 30.8.2024 година, донесен од Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата, одржана на 29.8.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8074/4 Претседател на Владата
8 октомври 2024 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3644.**

Врз основа на член 123 став (2), член 181 став (2) и член 214 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 155/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАВЕРКА НА ГЕОДЕТСКИТЕ ЕЛАБОРАТИ ЗА ИЗВРШЕНИ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ, ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ, ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ КОИ ОСТАНАЛЕ СО НЕЗАПИШАНИ ПРАВА И ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ И КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ КАКО ДЕЛ ОД КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот за изменување на Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности бр. 0101-12163/1 од 30.8.2024 година, донесен од Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата, одржана на 29.8.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8074/5 Претседател на Владата
8 октомври 2024 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3645.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ВРТЕШКА“ С. ПИПЕРОВО, ОПШТИНА ШТИП**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Вртешка“ с. Пиперово, Општина Штип бр.24-4327/1 од 11.9.2014 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, заради прекин со изведување на рударските работи подолго од една година.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛЕ-ТРАНС ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДОО Штип на локалитетот „Вртешка“ с. Пиперово, Општина Штип, бр.41-9618/1-13 од 8.1.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/14).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8451/4 — Претседател на Владата
8 октомври 2024 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3646.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ДИЈАБАЗ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЃОПЧЕЛИ“, ОПШТИНА ДОЈРАН**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Ѓопчели“, Општина Дојран бр.24-5617/1 од 13.11.2014 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, заради неплаќање на концесискиот надоместок.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на конзорциумот ДГ „БЕТОН“ АД Скопје и Друштвото за проектирање инженеринг и трговија „ПРО-ИНВЕСТ“ ДОО Куманово на локалитетот „Ѓопчели“, Општина Дојран бр.41-5328/1 од 11.7.2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/12).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8486/5 — Претседател на Владата
8 октомври 2024 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3647.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ДИЈАБАЗ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЛИРА“ ВО АТАРОТ НА С. НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Лира“ во атарот на с. Негорци, Општина Гевгелија бр.24-7457/1 од 6.12.2013 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, заради прекин со изведување на рударските работи подолго од една година.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на концесија за експлоатација на минерална суровина – градежен камен – дијабаз на ИНВИКТА ДООЕЛ увоз – извоз Скопје од лежиштето на локалитетот Лира во атарот на село Негорци, Општина Гевгелија бр.23-4726/1 од 17.9.2002 година („Службен весник на Република Македонија бр.74/2002“)

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8487/4 — Претседател на Владата
8 октомври 2024 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3648.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19,178/21 и 91/23), а во врска со член 93 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23 и 171/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПАТЕН КОРИДОР 8 - АВТОПАТ ДЕВЕ БАИР - ЌАФАСАН, ПАТНА ДЕЛНИЦА КИЧЕВО - ПОДВИС, КМ 0+0.000 - КМ 10+424.89, КО КИЧЕВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА КИЧЕВО, ЗА ИЗГРАДБА НА ОДЛАГАЛИШТА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ВИШОК ИСКОП НА ЗЕМЈАН МАТЕРИЈАЛ, ОДЛАГАЛИШТЕ 1 НА СТАЦИОНАЖА 2+200**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проект за инфраструктура за патен коридор 8 - автопат Деве Баир - Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+0.000 - км 10+424.89, КО Кичево вон град, Општина Кичево, за изградба на одлагалишта за одлагање на вишок ископ на земјан материјал, Одлагалиште 1 на стационажа 2+200.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 35232м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 6083/1-дел | Кичево вон град | Иван Дол | з.з | 4 |
| 6084/1-дел | Кичево вон град | Иван Дол | нива | 4 |
| 6086/1-дел | Кичево вон град | Иван Дол | нива | 8 |
| 6100/1-дел | Кичево вон град | Иван Дол | нива | 6 |
| 6120/2-дел | Кичево вон град | Иван Дол | нива | 4 |
| 6135/1 | Кичево вон град | Крушино | ливада | 5 |
| 6137/1 | Кичево вон град | Крушино | овоштарник | 5 |
| 6139-дел | Кичево вон град | Кароец | нива | 6 |
| 6140 | Кичево вон град | Кадроеце | нива | 6 |
| 6143-дел | Кичево вон град | Грмница | пасиште | 4 |
| 6705/5-дел | Кичево вон град | Краста | дпнз | 0 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | 396442,77м2 | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9737/3
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3649.**

Врз основа на член 22 став (3) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 151/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНА ГАРАНЦИЈА НА ОБВРСКИТЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДОГОВОРОТ ЗА СИНДИЦИРАН КРЕДИТ ОД КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ, СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ, ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ И УНИ БАНКА АД СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука Владата на Република Северна Македонија во име на Република Северна Македонија издава државна гаранција со која го гарантира навремено и целосно исполнување на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје кон Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје и Уни банка АД Скопје по основ на главен долг и камата кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит за измирување на достасани обврски со цел одржување на ликвидност и итна финансиска консолидација на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во износ од 5.000.000.000 (пет милијарди) денари, со рок на отплата до десет години со вклучени две години грејс период и договорна камата по каматна стапка во висина на референтната стапка која е последно објавена на денот на склучувањето на овој договор, зголемена за каматна маржа од 2,0 процентни поени, годишно, декурзивно, но не помалку од 4,2% годишно, доколку Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот.

2. Се овластува министерот за финансии да склучи договор за издавање на државна гаранција со Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје и Уни банка АД Скопје и договор за обезбедување на државната гаранција со Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со кои ќе се регулираат правата и обврските кои произлегуваат од издадената државна гаранција.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9754/7
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3650.**

Врз основа на член 5 став (2) од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 163/21 и 111/23) и член 33 став (8) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23 и 169/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРОЕКТОТ КОРИДОР 8 И КОРИДОР 10Д ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Во Програмата за финансирање на патна инфраструктура за Проектот Коридор 8 и Коридор 10Д за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/24), во точката 1 зборовите „Министерство за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите „Министерство за транспорт“, а износот „15.100.000.000“ се заменува со износот „4.100.000.000“.

2. Во точка 3 зборовите „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите „Министерството за транспорт“.

3. Во точка 4 зборовите „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите „Министерството за транспорт“.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-9623/4 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2024 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

---

**3651.**
Врз основа на член 15 став (2) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАНЛИВИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

Член 1

Во Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/24) во членот 4 ставот (6) се менува и гласи:

„Доделувањето на потврда - ваучер од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член го врши Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со примена на принципот на најниски примања во домаќинство во 2023 година за секоја од категориите наведени во член 2 став (2) точка 2 од оваа програма, сѐ до исцрпување на предвидените средства со оваа програма.“.

Член2

Во членот 5 ставот (6) се менува и гласи:

„Комисиите од ставот (2) на овој член со примена на принципот утврден во член 4 став (6) од оваа програма, за лицата кои имаат поднесено уредна и комплетна документација, до министерот за економија и труд ќе достават извештај со прилог табели со уредни и комплетни барања, за издавање на потврди-ваучери за купување и вградување на високо-ефикасни инвертер клима уреди најдоцна до 15.10.2024 година, а министерот за економија и труд ќе ги достави истите до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна до 19.10.2024 година, заедно со целокупната документација по јавниот оглас.

Списокот со лица кои се стекнале со финансиска поддршка согласно оваа програма, се објавува на веб-страницата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.”.

Во ставот (8) зборовите „Министерството за економија’’ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот (9) во алинејата 3 зборовите „со кои Министерството за економија ќе склучи договор” се бришат.

Алинејата 4 се менува и гласи:

„-Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за избор на правни субјекти кои вршат трговија на високо-ефикасни инвертер клима уреди наведени во јавниот повик и до министерот за економија и труд да достави извештај за избор со прилог табели со уредни и комплетни барања најдоцна до 15.10.2024 година, а министерот за економија и труд ќе ги достави истите до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна до 19.10.2024 година, заедно со целокупната документација по јавниот повик. Врз основа на извештајот за избор со прилог табели со уредни и комплетни барања, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ќе склучи договори за начинот на искористување на доделените потврди-ваучери за купување и вградување високо-ефикасни инвертер клима уреди.”

Во алинејата 5 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 3

Во членот 8 во алинејата 1 зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Во алинејата 2 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 4

Во членот 9 во ставот (1) зборовите „Раздел 10001-Министерство за економија“ се заменуваат со зборовите „Раздел 10101-Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот (2) зборовите „Министерство за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерство за социјална политика, демографија и млади“.

Член 5

Во членот 10 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 6

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-9714/3 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2024 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3652.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 72 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.115/2024), на седницата одржана на 25 септември 2024 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 16 алинеја 3, како и главата X „Автентично толкување на општите акти" и членовите 145, 146 и 147 од Деловникот на Советот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.18/2007 и 37/2020).

2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на член 16 алинеја 3, како и на главата X „Автентично толкување на општите акти" и членовите 145, 146 и 147 од Деловникот на Советот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.18/2007 и 37/2020).

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), по сопствена иницијатива, со Решението У.бр.21/2024 од 9 мај 2024 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од Деловникот на Советот на Општина Берово, означени во точката 1 од оваа одлука.

II

На седницата Судот утврди дека согласно член 16 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Берово, член на Советот има право на седниците на Советот да поднесе барања за давање на автентично толкување на прописите.

Судот, исто така, утврди дека во Деловникот на Советот на Општина Берово, систематизирана е главата X „Автентично толкување на општите акти" во која се содржани членовите 145, 146 и 147.

Според член 145 од Деловникот, барање за автентично толкување на општите акти се поднесува до претседателот на Советот, кој веднаш барањето го доставува до Комисијата за статут и прописи.

Согласно член 146 од Деловникот, Комисијата за статут и прописи по барањето на автентично токлување има право да бара мислење од работните тела на Советот и органите на општината.

Во член 147 од истиот деловник е утврдено дека ако Комисијата за статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот на општината, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, Комисијата за статут и прописи за тоа ќе поднесе извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесува извештај.

III

Владеењето на правото како уставен принцип утврден со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот е определен како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, секој е должен да ги почитува Уставот и законите, согласно член 51 од Уставот.

Согласно со член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Според член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), советот на општината го донесува статутот на општината и други прописи. Додека, според член 62 став 1 од истиот закон, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Членот 43 од наведениот закон ги уредува правата и должностите на членовите на советот. Конкретно, според став 2 од наведениот член, членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на градоначалникот, а според став 5 од истиот член, членовите на советот имаат и други права и должности утврдени со статутот и други прописи, во согласност со овој закон.

Имајќи ги предвид наведените законски одредби, со статут и други прописи може да се утврдат и други права и должности за членовите на советот, меѓутоа, како што произлегува од член 43 став 5 од Законот, уредувањето на други права и должности, треба да биде во согласност со Законот за локалната самоуправа.

Советот на Општина Берово, врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа и член 19 став 2 точка 2 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02) го донел Деловникот на Советот на Општина Берово, објавен во „Службен гласник на Општина Берово" бр.18/2007. Притоа, од содржината на одредбите од член 16 алинеја 3, како и членовите 145, 146 и 147 содржани во глава X со наслов „Автентично толкување на општите акти" од наведениот деловник, произлегува дека со истите се утврдува право на член на Советот, на седница, да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите, а исто така, се уредува и постапката за институтот „автентично толкување".

Неспорно е дека утврденото право за членовите на Советот на Општина Берово се однесува на институтот „автентично толкување на прописите" иако Законот за локалната самоуправа не содржи одредби од кои произ-

легува надлежност за совет на општина да може да дава автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту пак, Законот упатува на можност во друг акт (статут или деловник на општина) да се уреди овој правен институт. Следствено, Судот утврди дека Советот на Општина Берово, уредувајќи го ова прашање со конкретните одредби од Деловникот, излегол надвор од своите законски утврдени надлежности.

Воедно, од уставната норма содржана во член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот произлегува дека автентично толкување на законите дава законодавецот како орган на законодавната власт. Согласно оваа уставна норма, Собранието ги донесува законите и дава автентично толкување на законите, а постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.248/2023). Според Судот, наведеното упатува на заклучок дека институтот „автентично толкување", треба да биде предвиден во закон за да можат органите на локалната власт да го применуваат, впрочем како што тоа е предвидено за законодавецот како орган на државната власт во цитираната одредба од член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот. Во конкретниот случај, законски основ за овој институт нема за органите на локалната власт, па оттука, не може во деловник или статут изворно да се уредува истиот.

Согласно наведеното, а имајќи ги предвид одредбите од член 51 од Уставот каде е утврдено дека во Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите, Судот утврди дека член 16 алинеја 3, како и главата X „Автентично толкување на општите акти" и членовите 145, 146 и 147 од Деловникот на Советот на Општина Берово се во спротивност со Законот за локалната самоуправа и со темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото, утврдена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, согласно која во правниот поредок треба да егзистираат правно усогласени прописи со Уставот и со законите.

IV

Со донесувањето на оваа одлука, Судот одлучи да го стави вон сила Решението У.бр.21/2024 од 9 мај 2024 година, за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените одредби од Деловникот на Советот на Општина Берово.

V

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

VI

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

У. бр. 21/2024
25 септември 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

**3653.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 72 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.115/2024), на седницата одржана на 25 септември 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА член 15 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.16/2006).

2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на оспорената одредба, означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, по сопствена иницијатива со Решението У.бр.32/2024 од 2 мај 2024 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот од актот, означен во точката 1 од Одлуката, затоа што пред Судот со основ се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за локалната самоуправа.

II

На седницата Судот утврди дека според член 15 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Делчево член на Советот, меѓу другото, има право на седниците на Советот да поднесе барање за давање автентично толкување на прописите.

III

Владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите, согласно член 51 од Уставот.

Според член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Во член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд е определено дека Судот може и сам да поведе постапка за оценување на уставноста на закон, односно уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт.

Во конкретниот случај, Советот на Општина Делчево, врз основа на член 3 став 3 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 12/2006), на седницата одржана на 22.11.2006 година го донел Деловникот на Советот на Општина Делчево кој е објавен во „Службен гласник на Општина Делчево" бр.16/2006.

Деловникот на Советот на Општина Охрид содржи дел со наслов 3 „Покренување иницијативи и поднесување предлози" во кој е содржан член 15 алинеја 3 каде се уредува дека член на Советот има право на седниците на Советот да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите.

Автентично толкување на законите дава законодавецот како орган на законодавната власт, односно Собранието согласно со член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот ги донесува законите и дава автентично толкување на законите. Постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" 91/2008, 119/2010 и 23/2013).

Според правната теорија, автентично толкување на законите значи утврдување на содржината и на вистинската смисла на веќе донесен закон, кој во примената покажува нејасност, двосмисленост или содржи празнини. Автентичното толкување е составен дел на објавениот закон.

Во конкретниот случај, со оспорената одредба е дадено право на член на Советот на Општината да поднесе барање за автентично толкување на прописите, и покрај тоа што станува збор за Совет на Општина кој претставува орган на локалната власт.

Законот за локалната самоуправа не содржи изречна одредба дека советите на општините можат да даваат автентично толкување на прописите коишто ги донесуваат. Имено, согласно со член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа, советот на општината го донесува статутот на општината и други прописи, а согласно со член 62 став 1 од истиот закон, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Правото на давање автентично толкување на прописи е прашање коешто мора да биде предвидено во закон за да можат органите на локалната власт да го применуваат, како што тоа е уредено за законодавецот како орган на државната власт, изречно во Уставот со член 68 став 1 алинеја 2, согласно кој Собранието донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Врз основа на направената анализа произлегува дека предмет на уредување е определено право за член на Советот да бара автентично толкување на донесените акти, иако од Уставот и Законот за локалната самоуправа не произлегува овластување за совет на општина или негов член да дава или бара автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту наведениот закон упатува на можност во друг акт (статут или деловник на општина) да се уреди постапка за автентично толкување на општите акти.

Од овие причини Уставниот суд согласно со член 14 став 1 од Деловникот на Судот, го покрена прашањето за согласноста на означената одредба од Деловникот на Општина Делчево со Уставот и Законот за локалната самоуправа. Со оглед дека нејзиното уредување во Деловникот на Општината е без уставен и законски основ, Судот оцени дека одредбата не е во согласност со принципот на владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 и уставната обврска за усогласеност на прописите со Уставот и законите, определена во член 51 од Уставот, како и со одредбите од Законот за локалната самоуправа во кој се уредени овластувањата на единиците на локалната самопуправа.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавување во во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| У. бр. 32/2024 | Претседател на Уставниот суд на Република |
| 25 септември 2024 година | Северна Македонија, |
| Скопје | д-р **Дарко Костадиновски,** с.р. |

---

**3654.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 72 алинеја 1 и член 82 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.115/2024), на седницата одржана на 25 септември 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА насловот на точка 8 „Автентично толкување на општи акти" и членовите 101, 102, 103 и 104, содржани во поглавјето VIII „Постапка за донесување на општи акти" од Деловникот на Советот на Општина Богданци, број 07-433/2 од 29.07.2005 година, објавен во „Службен гласник на Општина Богданци" број 8/2005.

2. СЕ СТАВА ВОН сила Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на одредбите од точка 8 „Автентично толкување на општи акти" и членовите 101, 102, 103 и 104, содржани во поглавјето VIII „Постапка за донесување на општи акти" од Деловникот на Советот на Општина Богданци, број 07-433/2 од 29.07.2005 година, објавен во „Службен гласник на Општина Богданци" број 8/2005.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), по сопствена иницијатива со Решението У.бр.43/2024 од 27 март 2024 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од актот, означен во точката 1 од Одлуката, затоа што пред Судот со основ се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и Законот за локалната самоуправа.

II

На седницата Судот утврди дека Деловникот на Советот на Општина Богданци содржи дел со наслов 8 „Автентично толкување на општи акти" во кој се уредени членовите 101, 102, 103 и 104.

Според член 101, барање за автентично толкување на општ акт може да поднесат членовите на Советот, 10% од избирачите во општината, јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на општината, и државните органи кога потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на прописите во нивното работење.

Во член 102 е уредено дека барањето за давање на автентично толкување на општ акт се поднесува до претседателот на Советот, кој веднаш барањето го доставува до Комисијата за Статут и прописи.

Според член 103, Комисијата за Статут и прописи по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од комисиите на Советот и општинската администрација.

Согласно со член 104, ако Комисијата за Статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот на општината, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, ќе поднесе Извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.

III

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Со член 51 од Уставот, е утврдено дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно со член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд, Уставниот суд може и сам да поведе постапка за оценување уставност на закон, односно уставност и законитост на пропис или друг општ акт.

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) се уредени надлежностите на советот, а според став 1 точка 1 на наведениот член, советот е надлежен да донесува статут на општината и други прописи.

Според член 62 став 1 од погоре наведениот закон, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Со член 43 од Законот за локалната самоуправа се уредени правата и должностите на членовите на советот, а во таа смисла според став 2 на наведениот член, членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на градоначалникот, а според став 5 од истиот член, членовите на советот имаат и други права и должности утврдени со статутот и други прописи, во согласност со овој закон.

Според тоа, со статут и други прописи може да се утврдат и други права и должности за членовите на советот, меѓутоа, како што произлегува од член 43 став 5 од Законот, уредувањето на други права и должности, треба да биде во согласност со Законот за локалната самоуправа.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека Советот на Општина Богданци во свој пропис - Деловникот на Советот на Општина Богданци, во поглавјето VIII „Постапка за донесување на општи акти", уредил точка 8 „Автентично толкување на општи акти", во која ги пропишал членовите 101, 102, 103 и 104, со кои се уредува постапката за давање на автентично толкување на општ акт.

Согласно со погоре цитираните законски одредби, неспорно е дека совет на општина е надлежен да донесува статут и други прописи. Меѓутоа, Законот со ниту една одредба не предвидува надлежност на совет на општина да дава автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту Законот дава овластување на општините да можат, во своите прописи (деловник или статут) да уредат одредби за автентично толкување на општи акти, со што одредбите коишто Советот на Општина Богданци ги пропишал во Деловникот на Советот на Општина Богданци, се без законски основ, а со тоа Советот ги надминал и своите надлежности предвидени во Законот за локалната самоуправа.

Институтот автентично толкување, мора да биде предвидено во закон за да можат органите на локалната власт да го употребуваат, како што тоа е уредено за законодавецот како орган на државната власт и тоа изречно во Уставот со член 68 став 1 алинеја 2, согласно кој Собранието донесува закони и дава автентично толкување на законите, при што, постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија. Во конкретниот случај, законска основа за овој институт нема за органите на локалната власт, па оттука, не може во деловник или статут изворно да се уредува овој институт и процедура за истиот.

Имајќи ги предвид одредбите од член 51 од Уставот според кои во Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите, Судот одлучи дека точка 8 „Автентично толкување на општи акти" и членовите 101, 102, 103 и 104, содржани во поглавјето VIII „Постапка за донесување на општи акти" од Деловникот на Советот на Општина Богданци не се во согласност со Законот за локалната самоуправа, а со тоа, со основ се постави прашањето и за неговата согласност со темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, согласно кое во правниот поредок треба да егзистираат правно усогласени прописи со Уставот и со законите.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

У. бр. 43/2024
25 септември 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

**3655.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав, д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Атанасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 72 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 18 септември 2024 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 9 став 3 во делот „германски марки (ДЕМ)", член 22, член 26 став 2, член 86-б став 1 и член 111 став 1 во делот „ДЕМ" од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1993, 48/1993, 21/1998, 25/1999, 39/1999, 81/1999, 49/2000, 6/2002, 31/2003, 38/2004, 35/2006, 84/2007, 123/2012 и 25/2015).

2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на правните акти во деловите означени во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Образложение

I

Игорчо Точев од Скопје, до Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на правните акти во деловите означени во диспозитивот на оваа одлука.

Според наводите во иницијативата, подносителот бара поведување постапка за оценување на уставноста на оспорените делови од член 9 став 3, член 22, член 26 став 2, член 86-б ставови 1 и 2 и член 111 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, од причина што не се во согласност со начелото на владеење на правото.

Подносителот наведува дека во член 9 став 3 од Законот делот од одредбата „германски марки (ДЕМ)" и делот „ДЕМ" од член 22, член 26 став 2, член 86-б став 1 и член 111 став 1 од истиот закон, каде како слободна конвертибилна валута стои германска марка ДЕМ, која престанала да важи сметано од 01.01.2002 година, а изразувањето на една вредност од денари во германски марки ДЕМ станува беспредметно и оспорените делови од одредбите можат да доведат до забуна во нивната примена,што е во спротивност со владеењето на правото.

Исто така, подносителот наведува дека во соопштението на Народната банка на Републиката, објавено на ден 23.10.2001 година на интернет-страницата на Народната банка, се наведува дека од 1 јануари 2002 година евро-банкнотите ќе станат законско средство за плаќање во 12 земји на евро-зоната, а тоа значи дека меѓу другите валути престанала да важи и германската марка (ДЕМ).

Во иницијативата се наведува дека во член 86-а став 2 оспорениот дел „Законот за инвестициони фондови" од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, упатува на примена на пропис, а со тоа и примена на одредби од пропис кој од 05.02.2009 година не е повеќе дел од правниот промет. Законот за инвестициски фондови објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.12/2009 влегол во сила на ден 05.02.2009 година, а тоа значи дека престанал да важи Законот за инвестициони фондови „Службен весник на Република Македонија" бр.7/2000 и 29/2007, на кој закон упатува оспорената одредба.

Во овој контекст, подносителот наведува дека кога една одредба се повикува на примена на друга одредба односно се повикува на примена на одредби од закон, потребно е законот кој ги содржи одредбите на чија примена се упатува, да е дел од правниот поредок.

Според подносителот, повикувањето на примена на одредби или закон кој не е повеќе во правниот поредок доведува до заблуда при операционализација на одредбата или законот кој упатува на примена на одредбата односно одредбите од законот кои повеќе не се во правниот промет, не е во согласност со начелото на владеење на правото предвидено во Уставот на Република Северна Македонија.

Поради горенаведеното, подносителот на иницијативата предлага Судот да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорените делови од член 9 став 3, член 22, член 26 став 2, член 86-а став 2, член 86-б став 1 и член 111 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и истите да ги укине.

II

На седницата Судот утврди дека во член 9 став 3 е содржан делот „германски марки (ДЕМ)" од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1993, 48/1993, 21/1998, 25/1999, 39/1999, 81/1999, 49/2000, 6/2002, 31/2003, 38/2004, 35/2006, 84/2007, 123/2012 и 25/2015).

Во член 22, член 26 став 2, член 86-б став 1 и член 111 став 1, е содржан делот „ДЕМ" од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1993, 48/1993, 21/1998, 25/1999, 39/1999, 81/1999, 49/2000, 6/2002, 31/2003, 38/2004, 35/2006, 84/2007, 123/2012 и 25/2015).

Во член 86-а став 2 е содржан делот „Законот за инвестициони фондови" од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1993, 48/1993, 21/1998, 25/1999, 39/1999, 81/1999, 49/2000, 6/2002, 31/2003, 38/2004, 35/2006, 84/2007, 123/2012 и 25/2015).

Содржината на оспорените одредби од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал е следна:

Во член 9 став 3 се наведува дека утврдената вредност од став 1 на овој член се изразува во германски марки (ДЕМ), според средниот девизен курс на Народната банка на Република Македонија на датумот на процената. (Одредбата се оспорува во делот „германски марки (ДЕМ)").

Според член 22, акциите, односно уделите издадени според овој закон се изразуваат во ДЕМ, а се плаќаат со: а) денари; в) денари стекнати со продажба на ефективна конвертибилна странска валута; г) хартии од вредност издадени од Република Македонија и д) странска конвертибилна валута кога акциите, односно уделите се продаваат на странско лице. (Одредбата се оспорува во делот „ ДЕМ“).

Во член 26 став 2 се наведува дека корисникот на попустот од член 25 на овој закон има право акциите, односно уделите да ги купува со основен попуст од 30% од номиналната вредност, зголемен за 1% за секоја полна година на работен стаж во претпријатието, со тоа што износот на купените акции, односно уделот со попуст не може да го надмине износот од 25.000 ДЕМ. (Одредбата се оспорува во делот „ДЕМ“).

Според член 86-б став 1, друштвото од член 86-а на овој закон ќе управува со инвестиционен фонд кој ќе се основа со акции во износ од 1.000.000 ДЕМ, кои ги поседува Агенцијата, односно Република Македонија. (Одредбата се оспорува во делот „ ДЕМ“).

Со член 111 став 1 се предвидува дека со денот на влегувањето во сила на овој закон, додека не се отпочне со реализација на избраниот начин на трансформација, претпријатијата не можат да продаваат градежни објекти и други основни средства со вредност поголема од 50.000 ДЕМ без согласност на Агенцијата. (Одредбата се оспорува во делот „ ДЕМ“).

Согласно со член 86-а став 2, друштвото од став 1 на овој член се основа согласно со Законот за инвестициони фондови и Законот за трговските друштва. Одредбата се оспорува во делот „Законот за инвестициони фондови“.

III

Согласно со член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно со член 110 алинеи 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, одлучува за согласноста на законите со Уставот, како и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Според член 38 алинеја 1 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на РМ“ бр.38/1993, 48/1993, 21/1998, 25/1999, 39/1999, 81/1999, 49/2000, 6/2002, 31/2003, 38/2004, 35/2006, 84/2007, 123/2012 и 25/2015), се уредуваат условите, начините и постапката за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (во натамошниот текст: претпријатие) во претпријатија во кои е определен сопственикот, како и начините и постапката за продажба на акциите и уделите кои во постапката за трансформација ѝ се издадени на Агенцијата. Трансформација на претпријатието со општествен капитал (во натамошниот текст: трансформација) од став 1 на овој член се врши со организирање на претпријатието во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност со капитал во приватна сопственост, односно со определен сопственик, под условите и постапката утврдени со овој закон и со Законот за трговските друштва. Трансформацијата се врши и со продажба на општествениот капитал или на сите средства на претпријатието.

Со иницијативата се оспорува уставноста на член 9 став 3 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во делот од одредбата „германски марки (ДЕМ)“, и делот „ДЕМ“ од член 22, член 26 став 2, член 86-б став1 и член 111 став 1 од истиот закон, каде како слободно конвертибилна валута стои германска марка ДЕМ, која престанала да важи сметано од 01.01.2002 година, а евро-банкнотите се законско средство за плаќање.

Владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, согласно со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, во својата основа го има елементот правна сигурност што подразбира дека во правниот поредок треба да егзистираат само јасни и прецизни норми. Од анализата на оспорените делови од член 9 став 3, член 22, член 26 став 2, член 86-б став 1 и член 111 став 1 од од Законот, произлегува дека содржината на оспорените одредби може да доведе до заблуда при примена на одредбата како што е наведено во иницијативата, поради што имплицира повреда на уставниот принцип на владеење на правото.

Уставниот суд укажува дека законодавецот не ги направил потребните измени на оспорените правни норми во овој закон, дваесет и две години по официјалното престанување на важењето на германската марка. Судот цени дека во функција на правната сигурност и владеењето на правото, во законските норми не треба да се користи валута, која престанала да постои, затоа што не постои и официјален курс за замена на оваа валута во денарска противредност. Оттука, Судот цени дека со укинување на „германски марки (ДЕМ)“ во оспорените норми на Законот, законодавецот ќе го измени Законот користејќи важечки валути, доколку му е потребно изразување со валутна клаузула во денарска противвредност.

Во член 86-а став 2 оспорениот дел „Законот за инвестициони фондови“ од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во кој се наведува дека друштвото од став 1 на овој член се основа согласно со Законот за инвестициони фондови и Законот за трговските друштва, упатува на примена на пропис, а со тоа и примена на одредби од пропис кој од 05.02.2009 година не е повеќе дел од правниот промет. Законот за инвестициски фондови објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2009 влегол во сила на ден 05.02.2009 година, а тоа значи дека престанал да важи Законот за инвестициони фондови „Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2000 и 29/2007, на кој закон упатува оспорената одредба.

Во член 153 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2009), е наведено „Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2000 и 29/2007)“.

Согласно со член 154 од истиот закон, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Од анализата на член 86-а став 2 во оспорениот дел „Законот за инвестициони фондови“ од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, произлегува дека оспорената одредба упатува на закон кој повеќе не е дел од правниот поредок, кој може да

доведе до заблуда при примена на одредбата како што е наведено во иницијативата дека при повикување, упатување на друга норма, таа неминовно мора да е дел од правниот поредок за да таквото уредување претставува една логична, правно-функционална целина, поради што и имплицира повреда на уставниот принцип на владеење на правото.

Со предметната иницијатива се бара поведување постапка и укинување на член 86-а став 2 во делот „Законот за инвестициони фондови“ од Законот, бидејќи упатувал на примена на одредби од пропис којшто не е во правниот поредок.

Во врска со наводите, Судот оцени дека станува збор за прашање во надлежност на законодавецот, кое не е од влијание во однос на правната сигурност на граѓаните, односно нема реални можности оспорениот дел од член 86-а став 2 од Законот да предизвика некаква забуна кај органите во практикувањето на правото, бидејќи и според Законот за инвестициони фондови, а и според Законот за инвестициски фондови, нема суштинска разлика во предметот на уредување.

Уставниот суд цени дека упатувањето во норма од важечки закон, на закон што престанал да постои, кога материјата која била уредена со тој закон е уредена со друг понов закон, не мора секогаш да доведе до правна несигурност, затоа што при примена на нормата, може да се согледа што во моментот на примена на еден закон, претставува позитивно право, односно кој закон од упатувачката норма, е во важност во моментот во примена. Меѓутоа, често со иницијативите се бара важечките закони да бидат меѓусебно усогласени што секако би придонело и за поголема правна сигурност, но тоа не е во надлежност на Уставниот суд. Во таа насока, Уставниот суд смета дека законодавецот треба да води сметка за ваквите состојби и во функција на постигнување на поголема правна сигурност, кога еден закон престанува да постои на начин што е заменет со нов закон, што ја уредува истата правна материја, во преодните и завршни одредби на новиот закон да нормира, дека се менуваат и дополнуваат и упатувачките правни норми во другите закони, кои се повикуваат на законот што престанал да постои. Уставниот суд укажува дека законодавецот треба во својата работа да користи правилна номотехника без упатувачки норми на други конкретни важечки закони во моментот на донесување на законот, туку норми за упатување со описна содржина, како на пример „примена на правни прописи со кои се уредува определената материја“.

Во конкретниот случај, барањето со иницијативата е всушност барање, Уставниот суд, преку уставниот механизам - поведување постапка да изврши номотехничка корекција во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со цел да се изврши меѓусебно усогласување на закони. Меѓутоа, ваквото барање е надвор од уставните надлежности од член 110 алинеи 1 и 2 од Уставот, според кои Уставниот суд, одлучува за согласноста на законите со Уставот, како и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите, што значи не одлучува за меѓусебната согласност на законите или нивните одредби. Во надлежност на законодавецот е да ги креира прописите, истите да ги менува и дополнува, а воедно преку своите механизми и да врши технички исправки и корекции на прописите коишто ги донесува.

Имајќи ги предвид утврдените надлежности на Уставниот суд од член 110 на Уставот, Судот цени дека во овој дел од наводите на иницијативата исполнети се условите од член 38 алинеја 1 од Актот на Уставниот суд за отфрлање на иницијативата со оглед дека наводите се сведуваат на барање за постапување кое е во надлежност на законодавецот, а не на Уставниот суд.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У. бр. 45/2022
18 септември 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

---

**3656.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија, член 72 алинеја 1 и член 82 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/2024), на седницата одржана на 18 септември 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА член 26 алинеја 5 и глава VIII точка 9 „Автентично толкување на општ акт“ и членовите 107, 108, 109 и 110 од Деловникот на Советот на Општина Дебар, бр. 07-312/3 од 08.08.2005 година („Службен гласник на Општина Дебар” број 4 од 11.08.2005).

2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на член 26 алинеја 5 и глава VIII точка 9 „Автентично толкување на општ акт“ и членовите 107, 108, 109 и 110 од Деловникот на Советот на Општина Дебар, бр. 07-312/3 од 8.08.2005 година.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, со Решението У.бр.47/2024 од 2 мај 2024 година, согласно член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), по сопствена иницијатива поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите и делови од одредби од Деловникот на Советот на Општина Дебар, означени во точката 1 од оваа одлука, бидејќи основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот и со Законот за локалната самоуправа.

II

На седницата Судот утврди дека според член 26 алинеја 5 од Деловникот на Советот на Општина Дебар, член на Советот има право на седницата на Советот да

поднесе барање за автентично толкување на актите што ги носи Советот. Исто така, Судот утврди дека во глава VIII точка 9 од Деловникот насловена како „Автентично толкување на општ акт“ се содржани членовите 107, 108, 109 и 110. Членот 107 уредува дека барање за автентично толкување на општ акт може да поднесат членовите на Советот, 10% од избирачите во општината, јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на општината и државните органи кога потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на актите во нивното работење. Во член 108 се пропишува дека барањето за давање на автентично толкување на општиот акт се поднесува до претседателот на Советот кој веднаш барањето го доставува до Комисијата за Статут и прописи. Со член 109 се уредува дека Комисијата за Статут и прописи по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од општинската администрација. Според член 110 од истиот деловник, ако Комисијата за Статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување, не е оправдано, Комисијата за Статут и прописи за тоа ќе поднесе извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.

III

Една од основните цели на Уставот на Република Северна Македонија е воспоставување на владеење на правото во системот на власта. Овој уставен принцип со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот е определен како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, секој е должен да ги почитува Уставот и законите, согласно член 51 од Уставот.

Според уставната одредба пропишана во член 68 став 1 алинеја 2, Собранието на Република Северна Македонија, има уставно овластување да донесува закони и да дава автентично толкување на законите.

Член 110 алинеја 2 од Уставот, пропишува дека Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 14 став 1 од Деловникот на Судот, Уставниот суд може и сам да поведе постапка за оценување уставност на закон, односно уставност и законитост на пропис и друг општ акт.

Уставниот суд, согласно член 27 став 1 од Деловникот, може во текот на постапката, до донесување на конечна одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на закон, друг пропис или општ акт чија уставност односно законитост ја оценува, доколку со неговото извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

Поаѓајќи од наведените уставни одредби произлегува дека законите се носат во согласност со Уставот, а сите други прописи во согласност со Уставот и закон, дека само Собранието има уставно овластување за донесување закони и нивно автентично толкување, а сето тоа во функција на обезбедување на владеење на правото и остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот, како претпоставка за правната сигурност на граѓаните и другите правни субјекти.

Од содржината на оспорениот акт, произлегува дека Советот на Општина Дебар, врз основа на член 27 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Дебар („Службен гласник на Општина Дебар“ број 14/03) на седницата одржана на 08.08.2005 година, донел Деловник на Советот на Општина Дебар, број 07-312/3 од 08.08.2005 година.

Член 26 од Деловникот пропишува кои права ги имаат членовите на Советот на седниците на Советот. Помеѓу останатите права, во алинеја 5 од истиот член е содржано оспореното автентично толкување, така што предвидува дека член на советот на седниците има право да поднесе барање за автентично толкување на актите што ги носи Советот.

Во глава VIII точка 9 насловена како „Автентично толкување на општ акт“ од истиот деловник, оспорените членови од автентично толкување (со нумерација како членови 107, 108, 109 и 110) уредуваат кој може да поднесе барање за автентично толкување на општ акт, каде се поднесува барањето, до кого се доставува, кој одлучува по барањето, кој изготвува предлог по барањето, кој го усвојува и кој одлучува дали барањето за автентично толкување е оправдано или не е, за што се сочинува извештај.

Автентично толкување на законите дава законодавецот како орган на законодавната власт. Собранието согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот ги донесува законите и дава автентично толкување на законите, а постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ 91/2008, 119/2010,23/2013 и 152/19).

Според правната теорија, автентично толкување на законите значи утврдување на содржината и на вистинската смисла на веќе донесен закон, кој во примената покажува нејасност, двосмисленост или содржи празнини. Автентичното толкување е составен дел на објавениот закон.

Во конкретниот случај, Советот на Општина Дебар како орган на локалната власт, донел Деловник на Советот на Општина Дебар во кој се содржани член 26 алинеја 5 и глава VIII точка 9 „Автентично толкување на општ акт“ членовите 107, 108, 109 и 110, во кој е содржано оспореното автентично толкување.

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), не содржи изречна одредба дека советите на општините можат да даваат автентично толкување на прописите коишто ги донесуваат.

Согласно со член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа, советот на општината го донесува статутот на општината и други прописи, а согласно член 62 став 1 од Законот, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон, што значи дека Законот не содржи изречна одредба дека советите на општините можат да даваат автентично толкување на прописите коишто ги донесуваат.

При таква фактичка состојба, произлегува дека Советот на Општина Дебар, ги пречекорил своите законски овластувања кога го донел Деловникот на Советот на Општина Дебар, во кој со член 26 алинеја 5 и во глава VIII точка 9 е содржано оспореното автентично толкување.

Во конкретниот случај станува збор за прашање, коешто мора да биде предвидено во закон за да можат органите на локалната власт да го применуваат, како што

тоа е уредено за законодавецот како орган на државната власт, изречно во Уставот со член 68 став 1 алинеја 2, согласно кој Собранието донесува закони и дава автентично толкување на законите, а постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" 91/2008, 119/2010,23/2013 и 152/19). Со оглед на тоа дека органите на локалната власт немаат законска основа за давање автентично толкување, не може во деловник или статут изворно да се уредува овој институт и процедура за истиот.

Од наведените причини, Судот цени дека пропишаниот член 26 алинеја 5 и глава VIII точка 9 во која се содржани членовите 107, 108, 109 и 110 од Деловникот не се во согласност со темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, согласно кое во правниот поредок треба да егзистираат правно усогласени прописи со Уставот и со законите.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

У. бр. 47/2024
18 септември 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

---

**3657.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав, д-р Дарко Костадиновски претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 72 алинеја 1 и член 82 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.115/2024), на седницата одржана на 18.9.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА член 40 алинеја 4 од Деловникот за работа на Општина Липково („Службен гласник на Општина Липково" бр.7/2022).

2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на член 40 алинеја 4 од Деловникот за работа на Општина Липково („Службен гласник на Општина Липково" бр.7/2022).

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 14 став 1 од Деловникот на Судот, по сопствена иницијатива со Решението У.бр.75/2024 од 9 мај 2024 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од Деловникот за работа на Општина Липково, означен во точката 1 од оваа одлука.

II

На седницата Судот утврди дека согласно член 40 алинеја 4 од Деловникот за работа на Општина Липково, член на Советот има право на седниците на Советот, меѓу другото, да поднесе барање за давање автентично толкување на одредбите.

III

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија согласно член 51 став 1 од Уставот, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. А според ставот 2 од истиот член, секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите, според член 110 алинеја 2 од Уставот.

Советот на Општина Липково, врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и член 40 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Липково („Службен гласник на Општина Липково" бр.1/2006, 3/2015 и 1/2019) го донел Деловникот за работа на Советот на Општина Липково, објавен во „Службен гласник на Општина Липково" бр.7/2022.

Во конкретниот случај, во член 40 алинеја 4 од Деловникот за работа на Советот на Општина Липково е утврдено дека член на Советот има право на седниците на Советот меѓу другото да поднесе барање за давање автентично толкување на одредбите.

Автентично толкување на законите дава законодавецот како орган на законодавната власт. Собранието согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот ги донесува законите и дава автентично толкување на законите, а постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 248/2023).

Законот за локалната самоуправа, во член 36 став 1 точка 1 определува дека советот на општината го донесува статутот на општината и други прописи, односно според член 62 став 1 од истиот закон, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Во конкретниот случај, според Судот, станува збор за прашање коешто мора да биде предвидено во закон за да можат органите на локалната власт да го применуваат, како што тоа е уредено за законодавецот како орган на државната власт. Од Законот за локалната самоуправа не произлегува овластување на совет на општина да дава автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту Законот упатува на можност во друг акт (статут или деловник на општина) да се предвиди автентично толкување на општи акти. Оттука, Судот цени дека Советот на Општината ги пречекорил, односно ги надминал своите надлежности предвидени во Законот за локалната самоуправа.

Врз основа на наведеното, а согласно со одредбите од член 51 од Уставот според кои во Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите, во конкретниот случај, Судот утврди дека член 40 алинеја 4 од Деловникот за работа на Општина Липково е во спротивност со Законот за локалната самоуправа, а со тоа и во спротивност со темелната вредност на уставниот поредок - владеење на правото, утврдена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, според која во правниот поредок треба да егзистираат правно усогласени прописи со Уставот и со законите.

IV

Со донесувањето на оваа одлука Судот одлучи да го стави вон сила Решението У.бр.75/2024 од 9 мај 2024 година за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените одредби од Деловникот за работа на Општина Липково.

V

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

VI

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У. бр. 75/2024
18 септември 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

**3658.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 37 став 4, член 72 алинеја 1 и член 74 од од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” број 115/2024), на седницата одржана на 9 октомври 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВААТ:

- член 19 став 1 алинеја 1 во делот „припадност на заедница“, од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 143/2019, 14/2020 и 302/2020);
- член 36 став 1 алинеја 1 во делот „и припадност на заедница“ од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022);
- член 2 став 1 алинеја 8 во делот „припадноста на заедницата/заедниците“, член 2 ставови 2 и 3, член 3 став 1 алинеја 1 во делот „припадност на заедница“ од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор бр.12/1-42/4 од 27.02.2015 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2015);
- член 3 став 1 алинеја 8 од Правилникот за формата и содржината на регистарот на вработените во јавниот сектор, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработка на податоците, како и начинот на обезбедување одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците бр.14/2-2766/3 од 29.08.2014 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.132/2014) и
- Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување бр.0402-313/1 од 25.03.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2016).

2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на деловите од законските одредби, актот и деловите од одредбите од актите означени во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија во врска со иницијативата на Државната комисија за спречување на корупцијата и по сопствена иницијатива со Решението У.бр.90/2024 од 18 септември 2024 година поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите и деловите на одредбите од законските прописи и уставноста и законитоста на актите, одредбите и деловите на одредбите означени во диспозитивот од оваа одлука, бидејќи основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

II

На седницата Судот утврди дека согласно со член 1 од Законот за вработените во јавниот сектор се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Судот утврди дека согласно со член 19 став 1 алинеја 1 од Законот за вработените во јавниот сектор е уредено дека „Регистарот ги содржи следниве податоци за вработените во јавниот сектор: - лични податоци (име и презиме, име на еден од двата родитела, пол, ЕМБГ, датум на раѓање, место на раѓање, општина на раѓање, држава, припадност на заедница, адреса на живеење, место на живеење, општина на живеење, е-маил и телефон)“.

Во член 20-г од Законот законодавецот уредил дека за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување, институцијата е должна да објави јавен

оглас, а задолжителните елементи на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот ги пропишува министерот за информатичко општество. На 27.02.2015 година, министерот за информатичко општество и администрација го донел Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор бр.12/1-42/4, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.34/2015 од 06.03.2015 година.

Судот утврди дека со член 1 од Законот за административни службеници се уредува статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. Предмет на овој закон е и статусот и надлежноста на Агенцијата за администрација.

Согласно со член 32 од Законот, институциите имаат обврска да ги планираат своите вработувања на административните службеници врз основа на Методологијата за планирање утврдена во Законот за вработени во јавен сектор за што раководното лице на институцијата подготвува годишен план за вработување за следната календарска година со користење на онлајн калкулатор http://balancER.mioa.gov.mk.

Елементите на пријавата за вработување на административните службеници законодавецот ги пропишал со одредбите од член 36 од Законот. Имено, со член 36 став 1 алинеја 1 кандидатите за административни службеници во пријавата за вработување помеѓу останатите лични податоци имаат обврска да наведат и припадност на заедница.

Судот, согласно со овластувањата од член 26 од Актот, не се ограничи на анализа само на со иницијативата оспорените одредби, туку согласно со член 23 став 4 од Актот, по сопствена иницијатива се впушти во уставносудска анализа и на други одредби од посочените закони и подзаконските акти кои произлегуваат од истите.

Воедно, Судот утврди дека во член 5 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, законодавецот пропишал дека институциите од јавен сектор имаат обврска да го применуваат начелото на правична застапеност и да ги планираат вработувањата со годишни планови, согласно со нивните потреби врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор. Согласно со став 3 од истиот член, Методологијата за планирање треба да ги содржи формата, содржината и образецот на годишниот план и извештајот за реализација на годишниот план за вработување. Методологијата ја донесува министерот за информатичко општество и администрација во согласност со министерот за политички систем и односи меѓу заедниците. На 25.03.2016 година министерот за информатичко општество и администрација во согласност со заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор, ја донел Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Согласно со член 18 од истиот закон заради единствено и квалитетно управување со човечките ресурси на ниво на институција, односно на ниво на јавен сектор, се воспоставува Регистар на вработените во јавниот сектор. Министерството за информатичко општество и администрација има право да ги обработува податоците содржани во Регистарот на вработените во јавниот сектор и обврска да врши размена на податоци од својата евиденција со податоци од Агенцијата за вработување на Република Македонија, Управата за јавни приходи, Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во насока на вршење контрола и обезбедување на целосни, точни и навремено ажурирани податоци од страна на институциите во јавниот сектор, а формата и содржината на Регистарот, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработката на податоците, како и начинот на обезбедување одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација. На 29.08.2014 година, министерот за информатичко општество и администрација го донел Правилникот за формата и содржината на регистарот на вработените во јавниот сектор, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработка на податоците, како и начинот на обезбедување одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците.

III

Според член 8 став 1 алинеи 1, 2, 3 и 11 од Уставот на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, слободното изразување на националната припадност и соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа, владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, се темелни вредности на уставниот поредок.

Член 9 од Уставот уредува дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со член 25 од Уставот на Република Северна Македонија, на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста, на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Согласно со член 32 став 1 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Согласно ставот 2 од овој член, секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Според ставот 5 на истиот член, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор.

Според член 51 од Уставот во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Членот 54 од Уставот уредува дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално по-

текло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Според член 58 став 2 од Уставот учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност.

Согласно со член 110 став 1 алинеи 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Според член 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

Република Северна Македонија е потписник на повеќе меѓународни конвенции од различни сфери, исто така е потписник и на конвенции и нивни протоколи коишто го третираат и прашањето поврзано со националниот идентитет на човекот и граѓанинот, како право и како податок којшто подлежи на особена заштита.

Во преамбулата на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/1997) се наведува дека плуралистичкото и вистински демократско општество не само што треба да го почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на националното малцинство, туку и да создава соодветни можности за тие да го изразат, зачуваат и развиваат овој идентитет.

Според член 3 од Рамковната конвенција, правото на идентитет на националните малцинства и нивните членови првенствено го вклучува правото на секој да избере да припаѓа на национално малцинство и да биде третиран или не како таков, а никаква штета не смее да произлезе од таквиот избор или од остварување на правата поврзани со тој избор или од вршење на правата од тој избор. Во членот 4 од Конвенција е предвидено дека усвојувањето на посебни, привремени мерки од страна на државите членки што имаат за цел да се забрза остварувањето на рамноправноста меѓу припадниците на националното малцинство и припадниците на националното мнозинство де факто, не се смета за дискриминација, но не смее на кој и да било начин да има за последица нееднакви или различни мерила, а овие мерки ќе престанат да важат кога ќе се оствари целта на сите да им се дадат еднакви можности и третман. Со декларацијата, која е составен дел на Рамковната конвенција, Република Македонија изјавила дека изразот „национални малцинства“ употребен во Рамковната конвенција е идентичен со изразот „националности“ кој се употребува во Уставот и законите во Република Северна Македонија.

Според член 8 став 1 (право на почитување на приватниот и семејниот живот) од Европската конвенција за заштита на човековите права, секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката. Додека пак, според вториот став од овој член, јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество.

Членот 14 (забрана на дискриминација) од Европската конвенција за заштита на човековите права уредува дека уживањето на правата и слободите, признати со оваа конвенција, треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Согласно со член 1 од Законот за вработените во јавниот сектор се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Член 2 став 1 од Законот уредува дека работодавачи во јавниот сектор (во натамошниот текст: институции), согласно со овој закон, се: органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје. Според ставот 2 на истиот член, вработени во јавниот сектор се лицата кои засновале работен однос кај некој од работодавачите од ставот (1) на овој член.

Во член 5 став 2 од овој закон, законодавецот пропишал дека институциите од јавен сектор имаат обврска да го применуваат начелото на правична застапеност и да ги планираат вработувањата со годишни планови, согласно со нивните потреби врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор. Согласно став 3, Методологијата за планирање треба да ги содржи формата, содржината и образецот на годишниот план и извештајот за реализација на годишниот план за вработување. Методологијата ја донесува министерот за информатичко општество и администрација во согласност со министерот за политички систем и односи меѓу заедниците.

Министерот за информатичко општество и администрација во 2016 година во согласност со заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор ја донел Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Законодавецот подеднакво значење дал и на стручноста и компетентноста при вработување во јавниот сектор, согласно со член 6 став 1 од Законот според кој „Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место“. Во став 3 од истиот член е уредено дека постапката за селекција се утврдува со закон, а се состои од проверка на поднесени докази за исполнување на условите за работното место, полагање на тестови, интервјуа и други форми на проверка на кандидатите.

Согласно со член 18 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор заради единствено и квалитетно управување со човечките ресурси на ниво на институција, односно на ниво на јавен сектор, се воспоставува Регистар на вработените во јавниот сектор. Ставот 3 уредува дека Министерството за информатичко општество и администрација има право да ги обработува податоците содржани во Регистарот на вработените во јавниот сектор и обврска да врши размена на податоци од својата евиденција со податоци од Агенцијата за вработување, Управата за јавни приходи, Фондот за пензиското и инвалидското осигурување и Фондот за здравствено осигурување, во насока на вршење контрола и обезбедување на целосни, точни и навремено ажурирани податоци од страна на институциите во јавниот сектор. Став 4 од истиот член уредува дека формата и содржината на Регистарот, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработката на податоците, како и начинот на обезбедување на одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор, министерот го донел Правилникот за формата и содржината на регистарот на вработените во јавниот сектор, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработка на податоците, како и начинот на обезбедување одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците. Согласно член 3 став 1 алинеја 8 од Правилникот, регистарот на вработените во јавен сектор содржи податок „припадност на заедница“. Во член 7 став 2 од Правилникот е предвидено доколку корисникот - вработен утврди дека внесените податоците во Регистарот, кои се однесуваат на него, се невистинити или настанала промена која се одразува на податоците од Регистарот, има право до организационата единица за управување со човечки ресурси, односно административниот службеник кој ги врши работите на организационата единица за управување со човечки ресурси во институции со помалку од 30 вработени, во својата институција, да поднесе барање за промена на неговите податоци.

Со цел единствено и квалитетно управување со човечките ресурси на ниво на институција, односно на ниво на јавен сектор согласно член 19 став 1 алинеја 1 од Законот за вработените во јавниот сектор е уредено дека „Регистарот ги содржи следниве податоци за вработените во јавниот сектор: - лични податоци (име и презиме, име на еден од двата родитела, пол, ЕМБГ, датум на раѓање, место на раѓање, општина на раѓање, држава, припадност на заедница, адреса на живеење, место на живеење, општина на живеење, е-маил и телефон)“.

Министерството за информатичко општество и администрација, согласно со член 20 ставови 1 и 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, подготвува годишен извештај за податоците од Регистарот. Годишниот извештај ги содржи следниве податоци: број, вид, назив, гранка на власт, дејност и основач - за институцијата на јавниот сектор и број, групи, подгрупи, категории, нивоа, звања, работни места, пол, возраст, степен на образование и припадност на заедница - за вработените во јавниот сектор.

Со член 20-а став 1 од Законот, вработувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на годишни планови за вработување кои се подготвуваат врз основа на Методологијата од член 5 став 3 од овој закон. Став 2 алинеја 3 на овој член предвидува дека планот за вработување се изготвува на ниво на институција и меѓу другото содржи план за распределба на бројот на нови вработувања во следната година по припадност на заедница.

Постапката за донесувањето на планот е предвидена во член 20-б од Законот.

Согласно член 20-г од Законот, за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување, институцијата е должна да објави јавен оглас. Ставот 9 од истиот член уредува дека задолжителните елементи на јавниот оглас од ставот (1) на овој член и на пријавата од ставот (2) на овој член, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (7) на овој член ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор е донесен од страна на министерот за информатичко општество и администрација.

Со одредбата од член 2 став 1 алинеја 8 од Правилникот јавниот оглас за пополнување на работните места во институциите на јавниот сектор, меѓу другото, содржи и напомена според која „Согласно годишниот план за вработување на институцијата за година, вработувања се предвидени за_(се наведува припадноста на заедницата/заедниците)“. Ставовите 2 и 3 уредуваат дека „На првиот јавен оглас за нови вработувања во тековната година во напомената од став (1) алинеја 8 на овој член се наведуваат заедниците за кои во зависност од бројот на работни места за кои се објавува огласот, согласно годишниот план за вработување за тековната година се предвидени нови вработувања (став 2). На секој следен јавен оглас во тековната година, заедниците за кои се објавува огласот се определуваат согласно годишниот план за вработување, кога од бројот на предвидени нови вработувања кој се добива како збир на сите претходно спроведени постапки за вработување и тековната постапка, се одзема бројот на претходно спроведени постапки за вработување по припадност на заедница (став 3)“.

Со член 3 од Правилникот се определуваат и задолжителните елементи на пријавата за вработување каде што согласно став 1 алинеја 1 како задолжителен податок е и припадноста на заедница.

Изборот на кандидати за секое работно место е уредено во член 20-г од Законот за вработени во јавниот сектор.

За разлика од Законот за вработените во јавниот сектор, во член 1 од Законот за административни службеници се уредува статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. Предмет на овој закон е и статусот и надлежноста на Агенцијата за администрација.

За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, а кои не се уредени со овој закон, со Законот за вработените во јавниот сектор или со посебните закони и со колективните договори, се применуваат општите прописи за работните односи (член 4 став 5 од овој закон).

Согласно со член 9 од Законот за административните службеници, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, во смисла на овој закон, има надлежност да дава согласности на годишните планови на органите на државната управа за вработување на ад-

министративни службеници и да учествува во комисиите за селекција на административни службеници во овие органи, согласно со закон.

Надлежноста на Агенцијата за администрација е регулирана во член 14 од Законот според кој истата ги врши следниве работи: објавување на огласи за вработување на административни службеници, организација на постапки за селекција на административни службеници, постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, спроведување на испитот за административен службеник и испитот за административно управување, водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и други работи утврдени со закон.

Според член 32 од Законот за административни службеници, институциите имаат обврска да ги планираат вработувањата на административните службеници врз основа на Методологијата за планирање утврдена во Законот за вработени во јавен сектор за што раководното лице на институцијата подготвува годишен план за вработување за следната календарска година со користење на онлајн калкулатор http://balancER.mioa.gov.mk.

Конечната пресметка, се добива според онлајн калкулатор http://balancER.mioa.gov.mk којшто дава податоци за тоа колкав број на работни места треба да се пополнат со припадност на определена заедница, односно како да се врши распределба на нови вработувања во годината за која се однесува планот и ги одразува сите можни комбинации на распределби од едно ново вработување. Калкулаторот не распределува конкретни работни места според припадност на заедница.

Членовите 34 и 35 од Законот за административните службеници ја уредуваат постапката за вработување, каде секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар до Агенцијата доставува барање за објавување на јавен оглас каде, меѓу другото, се приложува и извод од годишниот план на институцијата во однос на бројот на планирани нови вработувања и бројот на реализирани нови вработувања според припадност на заедница.

Елементите на пријавата за вработување на административните службеници законодавецот ги пропишал со одредбите од член 36 од Законот. Имено, со член 36 став 1 алинеја 1 кандидатите за административни службеници во пријавата за вработување помеѓу останатите лични податоци имаат обврска да наведат и припадност на заедница. Согласно со став 4 од истиот член кандидатите откако ќе ја пополнат пријавата должни се под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

Судот, во овој предмет, го имаше предвид и Извештајот на Европската комисија за 2023 година кој се однесува на напредокот на Република Северна Македонија за оваа година.

Воедно, Судот го имаше предвид и Резимето на Извештајот за периодот од јуни 2022 до јуни 2023 година. Во него се вклучуваат и резултатите од компаративните процени и индексите креирани од други засегнати страни, особено во областа на владеење на правото каде што во делот за јавната администрација е наведено дека „Северна Македонија и понатаму е умерено подготвена во однос на реформата на јавната администрација. Во извештајниот период беше постигнат ограничен напредок со донесувањето на новата стратегија за реформа на јавната администрација и придружниот акциски план во јули 2023 година. И покрај тоа што го започна процесот пред пет години, земјата сѐ уште не ја донела ревидираната законска рамка за управување со човечки ресурси, која ги вклучува ревидираниот Закон за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и новите законски одредби за висока раководна служба. Новата рамка треба да го подобри управувањето со човечките ресурси во администрацијата и да помогне да се обезбеди вработувањата, унапредувањата и отпуштањата да се извршуваат врз основа на заслуги на сите нивоа, вклучително и високото раководство.“

Во кластер 1 од Извештајот - Фундаментални вредности на пристапниот процес, точка 2.1 Функционирање на демократските институции и реформата на јавната администрација, потточка 2.1.2 Реформа на јавната администрација во делот за Јавна служба и управување со човечки ресурси, меѓу другото, дадени се следните видувања и препораки:

„Не е постигнат напредок во носењето на долгоочекуваното ревидирано законодавство за административни службеници и вработени во јавниот сектор или, пак, новото законодавство за раководните позиции насочени кон тоа да се постигне вработување по заслуга и правични унапредувања и отпуштања“.

...

„Процентот што се користи во формулата за „Балансер“ – алатка за човечки ресурси што го одредува процентот на вработени во јавниот сектор од секоја етничка група – и понатаму загрижува. Ревидираната формула го вклучува нерезидентното население и не го зема предвид процентот на граѓани што не ја искажале својата етничка припадност на пописот. Не е завршен трансферот на вработените од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во различни институции. Покрај тоа, Министерството спроведе нова постапка за вработување, со цел да ги распореди новите вработени во различни институции“.

За уставно-судската анализа во овој предмет Судот, ја имаше предвид потребата од постоењето на мерката афирмативната акција, нејзината правна природа, цел на постоење во едно општество, како и времето на важење на оваа мерка. Оттука, беа земени предвид разни споредбени решенија, но и одлуки, како што е Пресудата на Врховниот суд на САД (Students for fair admissions v. President and fellows of Harvard College, 2023).

Од анализата на оспорените одредби vis a vis наведените уставни одредби и одредбите од меѓународните документи, Судот оцени дека е направена повреда на уставноста и законитоста од следните причини:

Согласно со член 36 став 1 алинеја 1 од Законот за административни службеници, кандидатите за административни службеници во пријавата за вработување меѓу останатите лични податоци имаат обврска да наведат и припадност на заедница. Идентично, согласно со член 3 став 1 алинеја 1 од Правилникот за формата и содржината на регистарот на вработените во јавниот сектор, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработка на податоците, како и начинот на обезбедување одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците, кандидатите за вработување во јавен сектор во пријавата за вработување меѓу останатите лични податоци имаат обврска да наведат и припадност на заедница. Со вака дефинираните одредби, Судот оцени дека законодавецот наметнува обврска на кандидатите за административни службеници во пријавата за вработување да наведат односно да се изјаснат за припадност на одредена заедница со што директно се прекршува уставното загарантирано право на слободно изразување односно неизразување за одредена национална припадност, односно припадност на заедница.

Уставниот суд со Одлуката У.бр.92/2023 од 28.02.2024 година укина одредби од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија” број 8/1995, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009, 13/2013, 43/2014, 148/2015, 27/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 14/2020 и 129/2023) со што зазема став дека националната припадност е лично чувство на граѓанинот и како такво може да биде менливо и според Судот, негово лично право е да одлучи дали ќе се изјасни и како ќе се изјасни за сопствената припадност, но и право да одлучи да не се изјасни. Според Судот, изјаснувањето за националната припадност односно припадноста на одредена заедница, како и можноста за обработка на овој податок, не може да биде наметната како задолжителна законска обврска за граѓаните. Судот со Одлуката оцени дека со задолжителното изјаснување на граѓаните за сопствената национална идентификација во постапка пред матичните служби, при упис на родено дете, склучен брак и умрено лице, без можност за избор да се изјаснат или не, но и да го променат изјаснувањето, како и имајќи предвид дека националноста е приватно и внатрешно чувство на човекот, и дека никој не може да биде принуден тоа чувство да го манифестира во јавноста, а уште повеќе тоа лично и внатрешно чувство да биде предмет на институционално задолжително администрирање во регистрите на државата, се навлегува во сферата на човековата приватност и личен живот, односно се повредуваат основните слободи и права на граѓаните признати во меѓународното право и утврдени во Уставот.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека припадноста на заедница е задолжителен податок кој кандидатот во пријавата за вработување има обврска да го наведе. Ниту во Законот за вработените во јавниот сектор ниту во Законот за административни службеници, не е пропишано дека податокот за припадност на заедница е општ или посебен услов за вработување, а во суштина е елиминирачки предуслов за пријавување на јавен оглас за вработување во јавниот сектор со што се прекршува уставно загарантираното право на слободно изразување на националната припадност. Ваквите законски решенија се спротивни на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, слободата на изразување на националната припадност, на начин што правото на пријавување на јавниот оглас е ограничено на кандидатите за админстративни службеници кои припаѓаат на различна заедница од онаа наведена во јавниот оглас за конкретното работно место, а со тоа и спротивни на уставно загарантираното право на работа и слободен избор на вработување, односно на уставната гаранција според која секому под еднакви услови му е достапно секое работно место, како што е утврдено во член 32 од Уставот.

Согласно Законот за вработените во јавиот сектор, заради единствено и квалитетно управување со човечките ресурси на ниво на институција, односно на ниво на јавен сектор законодавецот воспоставил Регистар на вработените во јавниот сектор, кој преку информационен систем за управување со човечки ресурси го воспоставува и во електронска форма го води Министерството за информатичко општество и администрација. Формата и содржината на Регистарот, начинот на неговото водење, начинот на пристапот, користењето, обработката на податоците како и начинот на обезбедување на одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците ги пропишува министерот за информатичко општество.

Во член 19 став 1 алинеја 1 од Законот за вработените во јавниот сектор е предвидено дека и податокот за припадност на заедница на вработениот во јавниот сектор спаѓа во лични податоци кои се евидентираат во Регистарот на вработени во јавниот сектор.

Уставот на Република Северна Македонија со член 18 ја гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци и на граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Според член 4 став 1 точка 13 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020 и 294/2021) „Посебни категории на лични податоци“ се лични податоци кои откриваат, меѓу другото, расно или етничко потекло. Обработка на личните податоци претставува „ секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување“, дефинирана во член 4 став 1 точка 2 од истиот Закон.

Од погоренаведената уставна одредба, како и од наведените одредби од Законот за заштита на личните податоци, неспорно произлегува дека личните податоци коишто откриваат расно или етничко потекло, се со квалификација на посебни категории на лични податоци односно податокот за припадност на заедница, според Законот е посебна категорија на личен податок. Меѓутоа, во оспорените одредби од Законот за административни службеници, Законот за вработени во јавен сектор како и во Правилникот овој податок има третман на основен, задолжителен личен податок којшто треба да се запише во пријавата за вработување на работно место во јавен сектор, а потоа тој податок е достапен и подлежи на понатамошна обработка.

Податоците како име, презиме, матичен број, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, адреса на електронска пошта и сл., логично и разбирливо се релевантни податоци за лицето, меѓутоа, податокот за припадност на заедница, Судот оцени дека не може да биде релевантен податок за да се регистрира и пријави кандидатот за вработување, поточно овој податок е ирелевантен за целите за вработување, а како таков, не може да биде предмет на обработка помеѓу останатите основни податоци.

Податоците коишто откриваат информации за расното или етничкото потекло за субјектот согласно Општата регулатива за заштита на личните податоците ((ЕУ) 2016/679 - General Data Protection Regulation), се „чувствителни податоци” или податоци класифицирани како посебна категорија на лични податоци. Регулативата е во примена од 25 мај 2018 година.

Воедно, имајќи ги предвид ваквите уставни гаранции, како и имајќи ги предвид строгите безбедносни мерки, предвидени со Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2005 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/2021) кои се задолжителни за државите потписнички, особено во однос на податоците со предзнак „специјални категории податоци”, во конкретниот случај, националноста како квалифициран податок којшто

подлежи на особена безбедносна заштита, Судот утврди дека не може да се смета за основен задолжителен податок и предмет на задолжителни официјални записи и изводоци. Ова дотолку повеќе што станува збор за противуставно прибирање на личните податоци на граѓанинот, поаѓајќи од фактот дека, согласно со член 8 став 1 алинеја 2 од Уставот, слободното изразување на припадност на одредена заедница е лично право на секој човек и граѓанин да ја изрази или да не ја изрази својата припадност (етничка припадност). Впрочем, Уставниот суд во Одлуката У.бр.92/2023 оценил дека „повреда на основните слободи и права на граѓаните признати во меѓународното право и утврдени во Уставот претставува не само задолжителното изјаснување за националната припадност односно припадноста на одредена заедница, туку и самата можност за обработка на овој податок, која не може да биде наметната како законска задолжителна обврска за граѓаните“.

Со член 25 од Уставот на Република Северна Македонија на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватност на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот. Оваа уставна гаранција ги вклучува и карактеристиките и вредностите што ја дефинираат личноста, меѓу кои и оние што го дефинираат како припадник на одредена заедница. Припадноста на одредена заедница е приватно и внатрешно чувство на човекот и никој не може да биде принуден тоа чувство да го манифестира во јавноста, а уште повеќе тоа лично и внатрешно чувство да биде предмет на задолжително изјаснување како и на институционално администрирање во регистрите на државата.

Согласно со член 3 став 1 алинеја 8 од Правилникот за формата и содржината на регистарот на вработените во јавниот сектор, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработка на податоците, како и начинот на обезбедување одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците е содржан и податокот за припадност на заедница. Член 7 ставови 2 и 3 од Правилникот уредуваат дека вработениот во јавниот сектор има право да поднесе барање за промена на неговите податоци во Регистарот вклучувајќи го и податокот за припадноста на заедница. Согласно став 3 од истиот член, организационата единица за управување со човечки ресурси, а врз основа на постоечки докази или докази приложени од страна на вработениот, податокот во Регистерот ќе го усогласи со новодоставените податоци.

Ваквото доуредување во подзаконскиот акт го потврдува фактот дека припадноста на одредена заедница е лично чувство и како такво може да биде менливо, како што впрочем има оценето Уставниот суд во Одлуката У.бр. 92/2023 од 28.02.2024 година според кое „Воедно, Законот за матичната евиденција не предвидува никаква можност за промена на податокот за националност, со што еднаш регистрираната националност останува како таква, без можност поединецот да го измени еднаш запишаниот податок за националноста, како негово лично право. Ваквата околност, според Судот, претставува пречка за одлуката на поединецот да ја усогласи дадената информација за неговата националност со сопственото лично чувство на национална припадност кое како прашање на самоперцепција може и да се промени. Неможноста да се промени националната определба, според Судот, исто така, претставува повреда на правото на слобода на самоидентификација од член 8 став 1 алинеја 2 од Уставот, бидејќи слободното изразување на националната припадност, не го вклучува само правото на изјаснување и неизјаснување за националното чувство, како лично чувство на поединецот, туку и право истото да се промени.”

Оттука, можноста вработениот во јавниот сектор кој има право да поднесе барање за промена на неговите податоци во Регистарот вклучувајќи го и податокот за припадноста на заедница, произлегува дека податокот за националната односно припадноста кон одредена заедница, предвиден во оспорените законски и подзаконски одредби, не може да претставува гаранција за запазување на смислата и правилната имплементација на темелната вредност посветена на соодветната и правична застапеност, согласно со Амандманот VI на Уставот на Република Северна Македонија.

Членот 14 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи забранува дискриминација во уживањето на правата и слободите предвидени во оваа конвенција врз која било основа какви што се пол, раса, боја на кожа, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, имот, потекло по раѓање или друг статус.

Протоколот бр. 12 кон Конвенцијата содржи општа клаузула за недискриминација со која опфатот на заштита од дискриминација се протега надвор од уживањето на правата и слободите наведени во Конвенцијата, односно се обезбедува за секое право гарантирано со националното право. Во Преамбулата на овој протокол, се укажува дека принципот на недискриминација не ги спречува државите членки да преземат мерки за промовирање на целосна и ефикасна еднаквост, под услов да постои објективно и разумно оправдување за тие мерки.

Исто така, во член 1 од Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на личните податоци, се уредува дека, целта на оваа конвенција, во рамките на секоја држава за секое лице, без разлика на која заедница припаѓа или од местото на живеење, е да го осигура почитувањето на неговите права и основни слободи, особено правото на приватност, во однос на автоматската обработка на личните податоци поврзани со него.

Според член 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификуваат согласно со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менуваат со закон. Република Северна Македонија е потписник на повеќе меѓународни конвенции од различни сфери, меѓу кои и потписник на сите погоре наведени конвенции и нивни протоколи. Меѓународните конвенции создаваат меѓународни стандарди со цел да бидат признати и општо прифатени со нивна имплементација во внатрешниот правен поредок. Според член 8 став 1 алинеи 1 и 11 од Уставот, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот и почитувањето на општоприфатените норми на меѓународното право, претставуваат темелни вредности на нашиот уставен поредок. Непочитувањето на меѓународните конвенции од страна на законодавецот значи повреда на темелните вредности на нашиот уставен поредок.

Во конкретниот случај со оспорените законски и подзаконски одредби, според Судот, законодавецот ја операционализирал темелната вредност на нашиот уставен поредок соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите ни-

воа. Оваа темелна вредност во нашиот уставен поредок е воведена во 2001 година, согласно со Амандманот VI на Уставот, со кој се дополнува алинејата 2 од член 8 став 1 од Уставот, слободното изразување на националната припадност; соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Станува збор за интервенција во Уставот која е резултат на неопходноста која произлегла од општествената и уставната реалност во тој временски момент. Од тој аспект, несомнено, оспорените законски и подзаконски одредби во оваа иницијатива имаат уставен основ, бидејќи со нив недвосмислено се операционализира посочената темелна вредност на Уставот со цел да ги уреди повисоките општествени интереси и потреби, односно да го уреди уставното загарантираното право на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и други јавни институции на сите нивоа. Но, исто така, неспорно е дека операционализацијата на оваа темелна вредност по својата суштина и природа претставува она што и во теоријата и во практиката се нарекува афирмативна акција, односно мерка која по својата природа предвидува позитивна дискриминација. Афирмативната акција (или позитивна дискриминација) претставува оправдано отстапување од основниот принцип на формална еднаквост утврдена како уставна гаранција. Преземањето на афирмативна акција претставува преземање мерки од страна на државата, односно нејзина активна улога во процесот на еднакво третирање на одредени групи, односно претставува мерка со која ќе се забрза остварувањето на рамноправноста меѓу припадниците на одредени заедници со мнозинската заедница. Меѓутоа, секоја афирмативна акција и мерка во своето битие поседуваат две клучни карактеристики. Првата се однесува на нивниот временски, темпорален карактер, односно по постигнувањето на нејзината легитимна цел во одреден временски период истата се исцрпува во нејзината примена. Втората карактеристика всушност, недвосмислено претставува дискриминација и повреда на начелото на еднаквост. Ако се имаат во вид ваквата природа и ваквите карактеристики на афирмативната акција, како во конкретниот случај соодветната и правичната застапеност, јасно е дека временскиот карактер на мерката се исцрпува во моментот кога истата ја постигнува својата легитимна цел пропорционално со ефектите кои треба да се постигнат, што е круцијален момент кој треба да биде препознаен во општествената и уставната реалност во кои таа егзистира. Во тој момент кога афирмативната акција ќе ја постигне и исцрпи целта на своето постоење, од тој момент таа ја губи својата смисла и се судира со останатите темелни вредности на уставниот поредок и сериозно почнува да ги загрозува основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот (слободно изразување на националната припадност, владеењето на правото, уставно гарантираниот принцип на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, уставната гаранција според која секому под еднакви услови му е достапно секое работно место, како и почитувањето и заштитата на приватноста, достоинството и угледот на секој граѓанин).

Судот го имаше предвид и Извештајот од Регистарот на вработени во јавниот сектор по етничка структура со состојба од 31.12.2022 година, изнесен во Мислењето бр.15-1125/2 од 11.03.2024 година, доставено од Министерството за информатичко општество и администрација во рамки на претходната постапка по овој предмет.

На ваквата уставно-судска оцена упатува и Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства усвоена од Комитетот на министрите на Советот на Европа. Според член 3 од Рамковната конвенција, правото на идентитет на националните малцинства и нивните членови првенствено го вклучува правото на секој да избере да припаѓа на национално малцинство и да биде третиран или не како таков, а никаква штета не смее да произлезе од таквиот избор или од остварување на правата поврзани со тој избор или од вршење на правата од тој избор. Во членот 4 од Конвенцијата, е предвидено дека усвојувањето на посебни, привремени мерки од страна на државите членки што имаат за цел да се забрза остварувањето на рамноправноста меѓу припадниците на националното малцинство и припадниците на националното мнозинство, не се смета за дискриминација, но не смее на кој и да било начин да има за последица нееднакви или различни мерила, а овие мерки ќе престанат да важат кога ќе се оствари целта на сите да им се дадат еднакви можности и третман. Оттука, и Рамковната конвенција за заштита на малцинствата предвидува дека усвојувањето на „посебни, привремени мерки" од страна на државите членки што има за цел да се забрза остварувањето на рамноправноста меѓу припадниците на националното малцинство и припадниците на националното мнозинство, прво имаат времен карактер, бидејќи се уредени како „привремени а не трајни мерки", и второ, истите де факто не се сметаат за дискриминација, но не смее на кој и да било начин да имаат за последица нееднакви или различни мерила, а овие мерки „ќе престанат да важат кога ќе се оствари целта" на сите да им се дадат еднакви можности и третман, односно се предвидува да бидат исцрпени во примената.

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, не случајно се „прворангирана" темелна вредност на нашиот уставноправен поредок. Тие се темелот на кој се заснова Уставот, тие ја претставуваат смислата и суштината на целовитоста на пишаниот Устав, со единствена цел, преку останатите темелни вредности слободата на изразувањето на националната припадност, почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, како и принципот на еднаквост на граѓаните, таквите слободи и права да бидат гарантирани и заштитени. Во тој контекст, одредбите на Уставот кои се однесуваат на пропишување на основи за правична и соодветна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другi јавни институции на сите нивоа, треба да се толкуваат во духот на целовитоста на Уставот, на гарантираните граѓански и политички слободи и права на граѓаните во Република Северна Македонија, особено во однос на тоа дека сите граѓани имаат уставно право под исти услови без разлика на која заедница припаѓаат, слободен избор на вработување и секому под еднакви услови да му биде достапно секое работно место.

Врз основа на наведеното, Судот утврди дека истите се спротивни на: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот; слободното изразување на националната припадност и соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа; владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија загарантирани со член 8 став 1 алинеи 1, 2, ,3 и 11 од Уставот. Воедно, не е почитуван

уставниот принцип на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите утврден со член 9 од Уставот и правото на достапност на секое работно место, секому под еднакви услови, загарантирани со член 32 од Уставот, а со тоа се повредуваат и членовите 25 и 54 од Уставот.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

У. бр. 90/2024
9 октомври 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3659.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 8 став (2) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22 и 125/22) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци Т до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.95/24), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 14.10.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 78,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 80,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 70,50 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 70,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 44,507 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 35,980 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 37,766 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 36,835 (денари/литар) |
| - Масло за горење Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 36,779 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 33,828 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 6,152 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 6,061 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 6,081 денари/литар и за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 6,127 денари/литар, додека за Мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 3,000 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за Мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 1,00 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став (1) од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви, што согласно член 32 став (1) од Законот за задолжителни нафтени резерви го плаќаат производителите на нафтени деривати и увозниците на нафтени деривати:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 22,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 22,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 15,50 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 15,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Со денот на отпочнувањето на примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/24).

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб-страницата на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 15.10.2024 година.

Бр. 02-1761/1
7 октомври 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

Në bazë të nenit 24 paragrafi (1) pika 1) nënparagrafi 16 të Ligjit të Energjetikës* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 96/18dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19, 236/22, 134/24 dhe 147/24), nenit 8 paragrafi (2) të Rregullores së Formimit të Çmimeve më të Larta të Shitjes me Pakicë të Derivateve të Ndryshme të Naftës dhe të Karburanteve për Transport (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut ” nr. 108/ 20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22 dhe 125/22) dhe vendimit për përcaktimin e dendësisë së përshkallëzuar $\rho_e$ dhe dendësisë së pashkallëzuar $\rho_d$ të secilit derivat të naftës dhe të lëndës djegëse të transportit, shumës së kompensimit P për premi, shpenzimeve të transportit T deri te depozita e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe shumës së kompensimit D për kompensime për punën përmes depozitës dhe marzhës tregtare me shpenzime të përfshira të transportit nga depozita deri te pikat e karburantit dhe te konsumatorët e fundëm (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.238/24 dhe 52/22) Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 14.10.2024, solli këtë

## V E N D I M
## PËR PËRCAKTIMIN E ÇMIMEVE MË TË LARTA TË SHITJES ME PAKICË TË DERIVATEVE TË NAFTËS DHE TË LËNDËVE DJEGËSE TË TRANSPORTIT

Neni 1

(1) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, janë:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 78,00 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 98 | - | 80,00 (denarë/litër) |
| Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 70,50 (denarë/litër) |
| Vaj për Djegie - Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | - | 70,50 (denarë/litër) |
| Mazut M-1 SU | - | 44,507 (denarë/kilogram) |

(2) Tregtarët me shumicë dhe pakicë me derivate të naftës dhe lëndë djegëse për transport, mund të formulojnë çmime të derivateve të ndryshme të naftës dhe lëndëve djegëse për transport edhe më të ulëta se çmimet më të larta që janë përcaktuar në paragrafin (1) të këtij neni.

(3) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuara në përputhje me paragrafin (1) të këtij neni, përveç çmimit të Mazutit M-1 SU, vlejnë për franko stacion të pompimit, ndërsa çmimi i Mazutit M-1 SU vlen për franko depozitë të tregtarit me shumicë me derivate të naftës dhe lëndë djegëse të transportit në vend.

(4) Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuara në përputhje me këtë nen, përfshihet edhe tatimi i vlerës së shtuar në përputhje me Ligjin e Tatimit të Vlerës së Shtuar.

Neni 2

(1) Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, janë përmbajtur edhe çmimet më të larta të prokurimit, që janë:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 35,980 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 98 | - | 37,766 (denarë/litër) |
| Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 36,835 (denarë/litër) |
| Vaj për Djegie - Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | - | 36,779 (denarë/litër) |
| Mazut M-1 SU | - | 33,828 (denarë/kilogram) |

Neni 3

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, përfshihet edhe kompensimi për shpenzime për punën përmes depozitës dhe marzhës tregtare,e cila për Eurosuper BS-95 është 6,152 denarë/litër, për Eurosuper BS-98 është 6,061 denarë/litër, për Eurodizel BS (D-E V) është 6,081 denarë/litër dhe për Vajin Ekstra të Lehtë 1 (EL-1) është 6,127 denarë/litër, ndërsa për Mazutin M-1 SU kompensimi është 3,000 denarë/kilogram.

Neni 4

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, me përjashtim të Mazutit M-1 SU, përfshihet edhe kompensimi për shpenzime të transportit nga depozita deri te stacionet e benzinës në shumë prej 1,00 denarë/litër për të gjitha derivatet e naftës.

Neni 5

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, përfshihet edhe kompensimi për financimin e aktiviteteve nga fusha e mjedisit jetësor, i cili në përputhje me nenin 184 paragrafi (1) të Ligjit të Mjedisit Jetësor, e paguajnë tatimpaguesit e përcaktuar me këtë ligj:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 0,080 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 98 | - | 0,080 (denarë/litër) |
| Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 0,030 (denarë/litër) |
| Vaj për Djegie - Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | - | 0,040 (denarë/litër) |
| Mazut M-1 SU | - | 0,050 (denarë/kilogram) |

Neni 6

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të përcaktuara me nenin 1 të këtij vendimi, përfshihet edhe kompensimi për rezerva të detyrueshme të naftës dhe të derivateve të naftës, i cili në përputhje me nenin 32 paragrafi (1) të Ligjit të Rezervave të Detyrueshme të Naftës dhe të Derivateve të Naftës, e paguajnë tatimpaguesit gjatë importit dhe/ose prodhimit të derivateve të naftës:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 0,890 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 98 | - | 0,890 (denarë/litër) |
| Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 0,300 (denarë/litër) |
| Vaj për Djegie - Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | - | 0,300 (denarë/litër) |
| Mazut M-1 SU | - | 0,740 (denarë/kilogram) |

Neni 7

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara me nenin 1 të këtij vendimi, akcizat që i paguajnë tatimpaguesit në përputhje me dispozitat për akciza, janë:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 22,00 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 98 | - | 22,00 (denarë/litër) |
| Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 15,50 (denarë/litër) |
| Vaj për Djegie - Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | - | 15,50 (denarë/litër) |
| Mazut M-1 SU | - | 0,100 (denarë/kilogram) |

Neni 8

Në ditën e fillimit të zbatimit të këtij vendimi, nuk vlen më Vendimi për Përcaktimin e Çmimeve më të Larta të Shitjes me Pakicë të Derivateve të Naftës dhe të Lëndëve Djegëse të Transportit („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 209/24).

Neni 9

Ky vendim hyn në fuqi me ditën e miratimit të tij, ndërsa botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe publikohet në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe do të zbatohet nga ora 00:01 e datës 15.10.2024.

.

Nr. 02-1761/1
7.10.2024
Shkup

Komisioni Rregullator i Energjetikës,
Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të
të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetar,
**Марко Бислимоски,** d.v.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија**, ц.о. – Скопје
**бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2024 година изнесува 16.650 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.**
**ISSN 0354-1622**

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 210** **14 октомври 2024, понеделник** **година LXXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


# О Г Л А С И

## СОДРЖИНА


| | Стр. |
|---|---|
| Судски огласи | 1 |
| Стечајни постапки | 2 |
| Нотарски огласи | 5 |
| Јавни објави на извршители | 13 |
| Неважечки документи | 13 |
| Огласи | 15 |
| Јавни набавки | 16 |


## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

Пред Основниот граѓански суд Скопје, во тек е постапка по тужбата на тужителот Салваторе Вејсели од Скопје, Сарај, со живеалиште во Радуша, ул. „4“ бр. 25, против тужената Диана Прзибилски, сега со непозната адреса на живеење во Р Германија, за развод на брак, со вредност 20.000 денари.

Се повикува тужената Диана Прзибилски, родена на 30.10.1967 година во Берлин, сега со непозната адреса на живеење во Р Германија, во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави во овој суд и во тој рок да ја достави својата сегашна точна адреса на живеење.

Во спротивно, нејзините интереси ќе ги застапува назначениот застапник Владимир Андреевски, адвокат од Скопје ул. „Димитрија Чуповски“ (Вељко Влаховиќ) 4-2/15, до правосилното завршување на постапката пред овој суд.

Од Основен граѓански суд Скопје, Оддел за семејни спорови, 29 П2-671/24. (51307)

---

Пред Основниот граѓански суд Скопје, во тек е постапка по тужбата на тужителот Зекирја Милбрадт од Куманово, со живеалиште на ул. „2“ бр. 120 А, Скопје, Гази Баба, против Зекија Милбрадт од Скопје, со непозната адреса на живеење, за развод на брак, со вредност на спорот 20.000 денари.

Се повикува тужената Зекија Милбрадт од Скопје, со непозната адреса на живеење, во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави во овој суд и во тој рок да ја достави својата сегашна точна адреса на живеење.

Во спротивно, нејзините интереси ќе ги застапува назначениот застапник Љубица Спасовска, адвокат од Скопје, бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 19, мезанин, локал 62, Скопје, до правосилното завршување на постапката пред овој суд.

Од Основен граѓански суд Скопје, Оддел за семејни спорови, XX. П2. бр. 786/24. (51350)

ОСНОВЕН СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

Пред Основниот суд во Гевгелија е заведен предметот П4. бр. 13/24, по тужба на тужителите Латифова Елиф од с. Чалакли и Латифова Назиле од с. Чалакли, против тужените Идризов Ертан од с. Чалакли и Идризов Зекиран од с. Чалакли, со основ надомест на нематеријална штета, вредност 320.000 денари.

Против тужените Идризов Ертан од с. Чалакли и Идризов Зекиран од с. Чалакли се води постапка, иако тие се надвор од земјата, во странство, со непозната адреса на живеалиште, престојувалиште.

Се повикуваат тужените Идризов Ертан од с. Чалакли и Идризов Зекиран од с. Чалакли, да се јаваат во овој суд во рок 30 дена од денот на објавувањето на огласот или во тој рок да ја доставаат својата адреса на живеење.

Доколку тужените не се јават во определениот рок од 30 дена, ќе им биде определен привремен застапник во смисла на чл. 76 ст. 2 т. 5 од ЗПП и чл. 77 од ЗПП, кој ќе ги застапува по предметот сè до неговата правосилност односно сè додека тие или нивниот полномошник не се јават во судот во определениот рок, односно сè додека судот не извести дека им поставил старател.

Основен суд Гевгелија, П4. бр. 13/24. (51373)

---

ОСНОВЕН СУД ВО ДЕБАР

Основниот суд во Дебар составен од судијата Мерсим Марку, како претседател на Советот, постапувајќи по тужбата на тужителот Ахмед Мемед од Дебар, про-

тив тужената Самела Мемед од Дебар, за развод на брак, со вредност 20.000 денари, на ден 1.10.2024 година, го објавува следниот оглас:

Во парничната постапка поведена по тужбата на тужителот Ахмед Мемед од Дебар, против тужената Самела Мемед од Дебар, за развод на брак,

Се повикува Самела Мемед од Дебар, сега со непозната адреса на живеење, да се јави пред Основниот суд во Дебар за да ја достави точната адреса на живеење или да определи полномошник кој ќе ја застапува во постапката по овој предмет, во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Со Решение на Основниот суд во Дебар П2. бр. 29/2024 од 1.10.2024 година за привремен застапник на тужената Самела Мемед од Дебар, ѝ е назначен Верон Буфи, адвокат од Дебар, а врз основа на одредбите од член 76 ст. 2 т. 4 од ЗПП.

Привремениот застапник ќе ја застапува тужената сè додека таа или нејзиниот полномошник не се појават пред судот, односно сè додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека ѝ поставил старател.

Од Основен суд – Дебар, П2. бр. 29/2024. (51369)

## ОСНОВЕН СУД ВО КОЧАНИ

Во Основниот суд во Кочани е поднесена тужбата од тужителот Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје, против тужениот Марем Мустафов од Кочани, за регресен долг, со вредност на спорот 50.000 денари.

Тужениот Марем Мустафов од Кочани, моментално се наоѓа на привремена работа во странство, со непозната адреса, поради што се повикува да се јави во Основниот суд во Кочани или да постави свој полномошник кој ќе штити неговите права и интереси во оваа постапка, во рок од 15 дена од денот на објавување на огласот, а доколку тоа не го стори ќе му биде поставен привремен застапник, кој ќе ги штити неговите права и интереси до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Кочани, МАЛВП 63/24. (51351)

---

Во Основниот суд во Кочани е поднесена тужбата од тужителот Друштво за превоз на патници и стока, шпедиција, промет и туризам во земјата и странство „Интер Тоурс“ ДООЕЛ Скопје, против туженото Друштво за производство, трговија на големо и мало, услуги и превоз „Бисер Пром“ ДОО Скопје, за утврдување постоење на право, со вредност на спорот 40.000 денари.

Судот на повеќе наврати се обидуваше да му ја достави тужбата на тужениот за одговор, меѓутоа доставата секогаш беше враќана со назнака „не побарал“.

